# ЕВРОПСКИ ПАРЛАМЕНТ (ЕП)

www.europarl.eu.int

## Вашата улога како член на Европскиот парламент

**Донесувањето одлуки во Европската унија** е прецизно поделена помеѓу заедничките европски институции (Европскиот парламент и Европската комисија) и владите на земјите-членки.
**Советот на Европската унија** се состои од министрите на земјите-членки и дејствува како легислатива (законодавна власт) и егзекутива (извршна власт). Тежиштето на неговата активност е во законодавството, бидејќи, со мал број исклучоци, Советот и го пренесува на Комисијата овластувањето за спроведување на правните прописи донесени од него. Понатаму по правило Европската комисија ги донесува неопходните извршни прописи заради имплементација на донесените правни акти.
Зависно од применетата постапка на одлучување, Европскиот парламент има повеќе или помалку право на соодлучување во европското законодавство. **За проширувањето на ЕУ на крајот од постапката е потребна согласност од Европскиот парламент.**
Затоа **Советот на Европската унија** не може да не го земе предвид **Европскиот парламент** во процесот на одлучување. Тој секогаш мора да ја има предвид позицијата на Европскиот парламент.

Од првите директни избори во 1979 година, Европскиот парламент е единствената директно избрана институција на граѓаните на Европската унија. На секои пет години се одржуваат изборите за ЕП. Од проширувањето на Европската унија на 1 јануари 2007 година со Бугарија и Романија, во Европскиот парламент седат вкупно 785 пратеници. Но, тие не доаѓаат во ЕП според нивната земја на потекло, од 27 земји-членки на ЕУ, туку се организирани во различни политички групи, на пример во *фракцијата на Европската народна партија* (ЕНП) или во фракцијата на „Зелените". Во меѓувреме речиси сите фракции имаат воспоставено односи со партиите од земјите-кандидати со нивна политичка провиниенција и ги имаат вклучено истите во своите структури на европско ниво.

**Број на места според фракции (состојба: 1 септември 2007)**

| **Фракција** | **Кратенка** | **Број на места** |
|---|---|---|
| Фракција „Европска народна партија (демохристијани) и европски демократи" | ЕНП-ЕД | 278 |
| Социјал-демократска фракција во Европскиот парламент | СПЕ | 216 |
| Фракција „Алијанса на либералите и демократите за Европа" | АЛДЕ | 104 |
| Фракција „Унија за Европа на нациите" | УЕН | 44 |
| Фракција „Зелени/Слободна европска алијанса" | Зелени/ЕФА | 42 |
| Конфедерална фракција на Обединетата европска левица/нордиска зелена левица | КВЕЛ/НГЛ | 41 |
| Фракција „Независност/демократија" | ИНД/ДЕМ | 24 |
| Идентитет, традиција, суверенитет | ист | 23 |
| Пратеници што не припаѓаат на фракции и привремено слободни места | НИ | 13 |
| **Вкупно** | | **785** |

Европскиот парламент претставува еден јавен форум за изразување мислења и соодлучувачки орган на Заедницата. Важен интерес за сите фракции е јакнење на

демократските структури на ЕУ и на форсираното европско согласување. Европскиот парламент во повеќе етапи успеа да ги прошири своите надлежности, но не поседува надлежности слични на оние на националните парламенти. Бидејќи Европскиот парламент се избира од граѓаните и граѓанките на земјите-членки, тој се сфаќа како демократски модел на Унијата и како застапување на интересите на нејзините граѓани. Тој не поседува иницијативно право, значи не може да дава свој предлог за проширување. И тука Европскиот парламент се разликува сосема јасно од националните парламенти.

За одлуките во Европскиот парламент не се одлучувачки националните интереси, туку составот и политичките водичи на фракциите, коишто се формирале во Европа.

**Распределба на местата по земји (изборен период 2009–2014)** (во алфабетски ред според ознаката на државите во соодветниот службен јазик)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Белгија | 24 | Холандија | 27 |
| Бугарија | 18 | Австрија | 18 |
| Данска | 14 | Полска | 54 |
| Германија | 99 | Португалија | 24 |
| Естонија | 6 | Романија | 35 |
| Финска | 14 | Шведска | 19 |
| Франција | 78 | Словачка | 14 |
| Грција | 24 | Словенија | 7 |
| Ирска | 13 | Шпанија | 54 |
| Италија | 78 | Република Чешка | 24 |
| Летонија | 9 | Унгарија | 24 |
| Литванија | 13 | Обединето кралство | 78 |
| Луксембург | 6 | Кипар | 6 |
| Малта | 5 | ВКУПНО | 785 |

**Европскиот парламент (ЕП)** значително се разликува од националните парламенти (на пример од германскиот Бундестаг), бидејќи поседува само **ограничени парламентарни надлежности**. Правата што ги поседува ЕП во рамките на законодавната постапка, во основа зависат од политичкото поле, во кое се донесува одлуката. Тие се протегаат од информирање и ислушување до соработка во европското законодавство. Преку буџетската политика ЕП може да има влијание врз важни политички полиња. Освен тоа, тој може да основа и комисии за испитување. Кај заедничката надворешна и безбедносна политика и соработката во сферата на внатрешните работи и правдата ЕП располага само со правото на ислушување и информирање од страна на Советот. Значително појако е парламентарното овластување, на пример, кај споменатиот прием на нови земји во ЕУ (постапка за согласност, в. чл. 49 од договорот за ЕУ), при постапката за соодлучување (в. чл. 251 од договорот за ЕЗ), која на пример се применува во областа на образованието и истражувањето или при постапката за соработка (в. чл. 252 од договорот за ЕЗ) што се применува во политиката за животна средина.

И покрај сите нагласени евро-еуфорични говори, евро-парламентарците не застапуваат едно единствено мислење. Контроверзата „продлабочување или проширување на ЕУ" се појавува низ сите фракции на Европскиот парламент.

Во вашата работа како пратеник во ЕП ги земате предвид и расположенијата и тенденциите во својата земја. Покрај Вашата партиска припадност, Вие се чувствувате обврзани кон Вашите изборни ветувања и интересите на избирачите.

Бидејќи одлуките во ЕУ се донесуваат од Парламентот *и* од Советот на Унијата, за членовите на Европскиот парламент е неизбежно, да се изнајде компромис со другите фракции, за да може да се врши притисок врз Советот на Унијата. Оттаму се препорачува времето помеѓу седниците и дискусиите во Советот да се искористи за разговори и преговори со другите колеги, за да се најде прифатлива позиција. За да може сопствената позиција во ЕП да стане мнозинска, потребна Ви е поддршка од други фракции.

За да можете да добиете квалификувани мнозинства, честопати е потребна согласност од страна на големите партии во ЕП. Треба да имате предвид дека секоја одлука што ја поддржувате, секој политички коментар и секое политичко дејство може да има влијанија врз Вашите гласачи и може да повлијае врз Вашиот повторен избор. Освен тоа, во Вашето политичко дејствување никогаш не смеете да ги заборавите медиумите!

Во секој случај, како член на ЕП, Вие се обидувате да го продолжите напредувањето во европската интеграција и нејзините последици по секојдневната политика. **Особено кон човековите права, политиката на заштита на животната средина, при земањето предвид на социјалната димензина на внатрешниот пазар и заштитата на потрошувачите ЕП во меѓувреме стана пример за другите институции и интегрирања во унии.** Затоа како член, не може да биде во Ваш интерес Вашиот имиџ да биде негативно повлијаен од ниското ниво на почитување на Парламентот. Европската унија треба да го продолжи својот развој во еден демократски и политички склоп, којшто е способен да дејствува.

Во нашата планска игра постојат максимум седум фракции. Вие сте или член на фракцијата на Европската народна партија (ЕНП), на фракцијата на Социјал-демократската партија на Европа (СПЕ), на фракцијата на „зелените" во Европскиот парламент (ЗЕЛЕНИ), на фракцијата на либералите и Демократската партија (ЛДПЕ),

на фракцијата на Унијата за Европа на нациите (УЕН), на Конфедерацијата на обединетата европска левица / нордиска зелена левица (ВЕЛ/НГЛ) или не припаѓате на ниедна фракција (ФЛ). Јасно е дека Вие како член на ЕП (МдЕП) ги застапувате политичките идеи на Вашата фракција и се обидувате да ги истуркате Вашите политички позиции во одлуките на ЕП.

<u>Важно:</u> Само од Вас зависи како ќе ја одиграте улогата на член на Европскиот парламент (МдЕП). Можете да туркате иницијативи, но Вашата позиција Ви дозволува и да блокирате планови. Можете да ги користите медиумите како средство за јакнење на Вашите политички позиции, можеби можете дури и да ги менувате политичките табори. Вие самите одлучувате што е најдобро за Вас и за Вашите избирачи!

За потсетување: Каква улога игра ЕП во процесот на проширување?

**Чл. 49 (поранешен член О) од договорот за ЕУ [прием на нови членки]**

„Секоја европска држава [...] може да поднесе барање за членство во Унијата. Државата го упатува своето барање до Советот. Тој одлучува едногласно по ислушување на Комисијата и по согласност од Европскиот парламент, кој одлучува со апсолутно мнозинство на своите пратеници (забел. на авторот.: најмалку 50% +1 од сите пратеници).“

**Упатство**: Од технички причини за потребите на оваа игра ќе се симулира седница на *Комисијата за надворешни работи*!

**Ваши задачи како член на Европскиот парламент за време на симулацијата:**

1. Изработете ја Вашата позиција со помош на профилот за улоги. При почетниот говор на претседателот на Комисијата постои можност за први неформални контакти.
2. Го избирате претседателот со просто мнозинство (50% + 1 од присутните). Разјаснувате и донесувате деловник (на пример: време за говор, тек, протокол, (в*. М4.*). Давате индивидуална изјава (по три минути).
3. <u>Ги добивате барањата за пристапување</u> и разговарате за нив на првата седницата на Комисијата.
4. Одржувате прва прес-конференција.
5. Врз основа на барањата <u>изработувате еден заеднички став</u> (*в. М 11.*).
6. Канитe делегати од земјите-кандидати за пристапување со цел за презентација на нивните барања и ја слушате нивната презентација. Вашето мислење го проследувате до Советот.
7. Комисијата Ве информира за натамошниот тек на преговорите и имате можност да водите разговори со медиумите.
8. Комисијата на Европскиот парламент го симулира комплетниот пленум на Европскиот парламент. Мислењето на комисијата претставува основа за одлуката на Парламентот. Европскиот парламент мора да изгласа со апсолутно мнозинство на своите членови, тоа значи за позитивен исход мора да гласаат најмалку 50% +1 член на Парламентот за договореното. Претставниците на земјите-кандидати за членство се гости при гласањето.
9. Имате можност да подготвите говор за свечената конференција по повод приемот.
10. На заедничката конференција по повод приемот двајца пратеници држат говор за потпишувањето на договорите за пристапување и стојат на располагање за евентуални интервјуа или ток-шоу.

# ФРАКЦИЈА „ЕВРОПСКА НАРОДНА ПАРТИЈА – ЕВРОПСКИ ДЕМОКРАТИ" (ЕНП-ЕД)

www.epp-ed.org

Европската народна партија е спој на партии, кои се чувствуваат обврзани кон демохристијански темелни вредности и традиции. Таа сака да реализира темелни вредности што почиваат на недопирливото и непобитното достоинство на луѓето: слобода, подеднакви можности, социјална правда и активна солидарност. Слободата на човекот се заснова на правото и обврската на секого да ја сноси целата одговорност за своите дејства и одлуки и да преземе соодговорност кон својот близок и создавањето. Во таа смисла ЕНП се подразбира како политичка партија на вредностите. ЕНП-ЕД се залага за една обединета и способна за делување Европска унија, за да ја унапреди стабилноста на континентот и да придонесе во јакнењето на Европа во светот. Европската унија треба да биде понатаму развивана преку нејзините граѓани.

Заедничката надворешна и безбедносна политика (ГАСП) на ЕУ не смее подолгорочно да се ограничи на соработката меѓу владите, туку мора да стане вистинска политика на Заедницата во сферата на заеднички интереси. Прашањата што се однесуваат на спроведувањето на ГАСП, се одлучуваат со квалификувано мнозинство. Притоа на Европскиот парламент треба да му се дадат одлучувачки права на соработка и контрола. Со создавањето на соодветни средства, ГАСП мора да биде доведена во состојба да се развива во една унија на европска безбедност со заедничка одбранбена политика.

ЕУ мора да остане отворена за други европски држави што сакаат да ја продолжат изградбата на заедничкиот дом „Европа", бидејќи само проширувањето ќе ја надмине поделбата на Европа. Предуслов за тоа е новите земји што ќе пристапат да се обврзат кон почитување на вредностите што важат во Унијата и да ги практикуваат во рамките на една парламентарна и плуралистичка демократија. Тие мора да се ориентираат на принципите на социјалната пазарна економија и да бидат подготвени да учествуваат во сите договорени проекти. Со проширувањето мора да биде поврзано и продлабочувањето на овие вредности, коешто треба да дејствува против потиснувањето на демократијата во ЕУ.

Стремежот за проширување бара и принципиелно размислување за границите на проширувањето и доведува до неопходност од институционални промени. ЕНП-ЕД се стреми кон свртување од досегашниот метод на владини преговори, проширување на постапката за соодлучување и на мнозински одлуки во Советот како и разграничување на надлежностите како меѓу европските институции така и меѓу Европа, нациите и регионите во еден договор за устав. Како цел на ЕУ ЕНП гледа една федерална Европска унија.

Едно сосем избрзано воведено започнување на преговорите за пристапување со Турција, од гледна точка на ЕНД-ЕД значително доведе до несигурност и дезориентираност на европската јавност кон идната стратегија за проширување на ЕУ. Од пред повеќе години оваа фракција јасно не бара проширување на ЕУ без институционални реформи на ЕУ. Оваа позиција, според мислењето на фракциите, многу доцна наиде на разбирање од уставната конвенција во земјите-членки, но до денес не можеше да биде реализирана. Но, би било фатално, доколку од ова би се извлекло заклучок дека и по исполнување на критериумите не би можело да се одобрат нови приеми. Мора да бидат создадени инструменти, кои ни ги дал уставот

на ЕУ, за повторно да се воспостави способноста на ЕУ за прием. Без институционални реформи се чини дека тешко би бил можен приемот на нови држави.

На сите држави од Балканот треба да им биде понуден приемот во ЕУ. Големиот досегашен ангажман на ЕУ на Балканот мора да биде продолжен консеквентно и целно насочено со приближувањето на овие земји кон ЕУ. Од гледна точка на фракцијата, ова беше и сé уште е важен мотор за неопходните промени, особено по ужасните соочувања во поранешна Југославија, бидејќи со еден едноставен поглед на картата може да се забележи: овој регион се наоѓа во средината на ЕУ и неговата стабилност на тој начин значи и стабилност на ЕУ.

Од одлучувачко значење е што на државите од средна и југоисточна Европа им се дава перспектива за постапна интеграција во Европската унија, за во овие земји да бидат зајакнати структурите за едно демократско општество и модерна држава. Поддршката за средна, источна и југоисточна Европа мора да се насочи особено на развојот на една еколошки ориентирана социјална пазарна економија.

Приемот на Турција е постојано оспоруван и во оваа фракција поради прашања на човековите права. Но, постојат и гласови дека Турција, бидејќи е муслиманска земја, од религиозни и културни причини нема свое место во европската цивилизација.

**Ваша задача како член на фракцијата:**

Замислете си дека сте член на оваа фракција. Како политичка сила на центарот, на изедначеноста и за социјалната пазарна економија, ЕНП-ЕД отсекогаш била една од најголемите фракции во Европскиот парламент. Од последните избори таа дури претставува и најјака сила во Европскиот парламент. На тој начин Вие имате големо влијание врз сите дискусии во пленумот. Но, немате мнозинство, па затоа не сте во состојба сами да реагирате на иницијативите на Комисијата. Затоа е важно да постои интерно согласување во фракцијата.

Но, потребна Ви е поддршка и од други политички фракции и во Вашите размислувања мора да имате предвид дека фракцијата на Социјал-демократската партија на Европа (СПЕ) е исто така мошне јака и лесно може да ги блокира Вашите иницијативи, ако ја добие поддршката на помалите групи. Ваша задача е да го пронајдете вистинскиот оптимален пат, бидејќи од една страна мора да барате компромис, а тоа може да доведе до губење на политичкиот профил, а од друга страна држењето на сопствените позиции може да доведе до намалување на влијанието на ЕП, доколку не можете да се договорите со Вашите колеги. На тој начин одлуката на крајот би била ставена во рацете на Комисијата и на Советот на Европската унија.

Во секоја фракција постојат специјални експерти за одредени политички области. Вие припаѓате кон Комисијата за надворешни работи и воглавно работите на прашања на идното обликување на една Европска унија на промени и проширувања. Вие треба критички да ги расветлите шансите и ризиците од проширувањето на ЕУ со држави од југоисточна Европа и Ваша задача е, заедно со другите членови на ЕНП-ЕД да изнајдете заедничка позиција по однос на прашањето за проширување. Понатаму, ќе барате приврзаници во другите фракции, можни коалиции и контроверзно ќе дискутирате за тематиката во Парламентот, за да го убедите политичкиот противник во Вашето политичко сфаќање. Но, запомнете: бескорисно е само да зборувате без да слушате. За ефективно да ја обликувате работата на ЕП, морате да работите на компромис, за да можете успешно да им се спротиставите на предлозите на Советот на Унијата, кои можеби и нема да бидат во линија со ЕП.

# Пратеник на ЕНП-ЕД во Комисијата за надворешни работи при ЕП од Република Чешка

Република Чешка е членка на Европската унија од 1 мај 2004 година. Таа пристапи во ЕУ заедно со девет други држави од средна и источна Европа. На тој начин беше заокружено најголемото, а со тоа и најтешкото проширување на ЕЗ/ЕУ – од ЕУ-15 со ваквото проширување на исток стана ЕУ-27.

Во чешката надворешна политика од промената на режимот на крајот од 80-тите години, се работеше во насока на успешно пристапување во ЕУ. Сега, по исполнување на овој надворешно-политички приоритет, целта на новата чешка влада е активно и конструктивно учество во политичкото дневно случување во ЕУ. Освен тоа, чешката влада се залага за прифаќање на договорот за европски устав, сосем спротивно од опозициската партија ОДС, на која припаѓате Вие.

**ОДС и европската интеграција**

Јасно десничарско-конзервативната граѓанска демократска партија ОДС („Обчанска демократицка страна") е основана во 1991 година. На последните два парламентарни избори таа беше победена од социјал-демократите (ЧССД), поради што седум години е најмоќната опозициска партија во чешкиот парламент. Претходно ОДС, како партија во владата, беше шест години на власт и го трасираше патот за продлабочени демократски и економски реформи.

ОДС во чешкиот парламент е најмоќната политичка сила. И во второто политичко тело, чешкиот сенат, таа е со 37 од 81 гласови највлијателната партија.

Според бројот на членови, ОДС е третата најголема партија во Република Чешка.

Благодарение и на непопуларните економски мерки на чешките владини партии, гласачите на последните европски избори во јуни 2004 година повеќе се насочија кон ОДС. Со 30% од гласовите таа доби 9 од вкупно 24 мандати за чешки пратеници во ЕП.

Ставот на ОДС кон ЕУ е континуирано повеќе скептичен, а во најдобар случај неутрален. Договорот за уставот ОДС ќе го одбиеше во чешкиот парламент и во сенатот. Но, ОДС е сосем отворено поставена кон срaснувањето на европските економски системи. Оваа партија упати на проблематични, па дури и негативни страни на европската интеграција: премногу бирократија, премногу регулација, премногу надлежности во Брисел и законувачко ограничување на чешките национални интереси. Условите за пристапување, за коишто преговараше владата, ОДС остро ги критизираше, додека позицијата на новите земји-членки ја сметаше за позиција без предности. Дискусиите и напорите за продлабочување на европската интеграција ОДС најчесто ги сметаше за несоодветни.
Соработката во фракцијата на ЕНП-ЦД за ОДС, со оглед на нејзиниот сосем конзервативен став во голем број области, се обликува мошне тешко. Во моментот ОДС, заедно со други конзервативни партии, врши сондирање со цел за формирање нова, десничарско ориентирана фракција.

**Република Чешка и проширувањето – позицијата на ОДС**

Во поглед на проширувањето на ЕУ со Турција и државите од Балканот, мислењето на ОДС е мошне слично на она на официјалниот надворешно-политички став на Чешка. И според нејзино мислење, процесот на проширување треба да биде продолжен врз основа на копенхашките критериуми. Но, во рамките на партијата постои и отворена поддршка за следното проширување на ЕУ, кое, пак, мора да биде темелно подготвено и во никој случај не смее да има негативно влијание врз сегашната состојба на економската интеграција.

**Тактика:**

Како чешки пратеник на партијата ОДС, Вие не сте сосем ентузијастички наклонети кон процесот на европска интеграција. Од една страна ги цените предностите на интеграцијата, пред сé либерализацијата на надворешната трговија и забрзувањето на транспортот на стока на внатрешниот пазар, но од друга страна Вие мошне слабо се трудите за натамошно продлабочување на интеграцијата. Континуирано и јасно ги одбивате тенденциите за федерализација на ЕУ и за поместување на нови надлежности на европско ниво. Притоа упатувате на принципот на супсидијарност, кој е втемелен во договорите и на националниот суверенитет и разновидноста на земјите-членки.
Вие во основа ја поддржувате следната рунда на проширување на ЕУ, при што најпрво станува збор за Хрватска. Но, во тој процес Вие жестоко инсистирате на прецизна подготвителна фаза, која консеквентно поаѓа од исполнување на копенхашките критериуми. Одлучувачка за Вас е политичката и економска подготвеност на секој кандидат за исполнување на критериумите, за да можете да се согласите со барањата за пристапување.
Економски нестабилен или мошне уназаден кандидат за пристапување кај Вас нема никакви шанси за членство во ЕУ, сé додека неговата економска состојба не се стабилизира и економскиот пораст не напредне. Во спротивно, постигнатото економско ниво на сегашната ЕУ би можело да биде загрозено.
Вие особено аргументирате со тоа дека субвенциите од структурните фондови за поттикнување на економијата на, во меѓувреме, дванаесетте нови земји-членки (вклучувајќи ја Чешка) уште сега не се доволни. Поради тоа и поради недостатокот од конкурентност во аграрниот сектор Вие јасно се залагате за брзи и радикални реформи на аграрната политика на Заедницата и за поместување на голем дел од финансиските средства во регионалната структурна помош.
Наспроти плановите за создавање нови заеднички политички области или истуркување на предлог-уставот, Вие сте отворено поставени по однос на прашањата за проширувањето. Сепак, Вашата согласност е врзана за реформски резултати што можат да се докажат, како и за подготвеноста за натамошно прилагодување на кандидатите за пристапување.

# Пратеник на ЕНП-ЕД во Комисијата за надворешни работи при ЕП од Германија

## ЦДУ и европската интеграција

Демохристијанската унија (ЦДУ; www.cdu.de), со 49 пратеници ја претставува најголемата делегација во рамките на фракцијата (ЕНП) на Европскиот парламент, па според тоа располага и со најзначителното влијание во политиката на Парламентот. ЦДУ традиционално е еден од најмоќните заговорници и поддржувачи на европската интеграција и секогаш активно ја туркаше неа. Актуелно, фокусот на партијата, меѓу другото, се наоѓа во политиката на азил и заедничката надворешна и безбедносна политика.

Во сферата на политиката на бегалци и азил, ЦДУ јасно се залага за задржување на надлежностите на национално одлучување. Според нивното гледиште, политиката на азил на европско ниво би требало да биде подобро регулирана, а особено е потребно да се заштитат границите од илегална имиграција и организиран криминал. Сепак, ова не би требало да се случува врз основа на одлуки на Европскиот совет, туку да биде легитимирано од парламентот на ЕУ или националните парламенти.

Во надворешната и безбедносната политика ЦДУ бара поодговорно дејствување на ЕУ. Воените структури во рамките на ЕУ треба да бидат изградени така што, во рамките на НАТО, ЕУ ќе може да дава поголеми придонеси за меѓународни ангажмани. Европските безбедносни структури не би требало да бидат изградени на товар на САД, туку за да создадат поголема способност за дејствување за трансатланскиот сојуз.

## Проширување на Европската унија – позицијата на ЦДУ

Со пристапувањето на десет нови земји-членки од средна и источна Европа како и на Малта и Кипар во мај 2004 година, како и на Бугарија и Романија во јануари 2007 година, Европската унија ја заврши својата петта рунда на проширување.

Паралелно со тоа, Европската комисија на преден план во својата политика го стави приближувањето на западен Балкан во Европската унија. Централната улога на европската политика на проширување во 2008 од гледна точка на ЦДУ се состои во тоа да се консолидира досега постигнатото, да нема враќање од започнатите реформи во земјите-кандидати и во рамките на пристапните партнерства и спогодбите за стабилизација и асоцијација да се придонесе кон економскиот развој, соработката и добрососедските односи. Државите од западен Балкан имаат и задржуваат перспектива за членство во Европската унија.

Спогодбите за стабилизација и асоцијација со потенцијалните кандидати за пристапување од западен Балкан се инструмент опремен со услови што им овозможува на земјите со волја за пристапување, преку индивидуални реформски чекори сами да го определуваат темпото на пристапување кон Европската унија.

Секоја земја-пристапничка заслужува индивидуално оценување на нејзината зрелост за пристапување. По пристапувањето на Бугарија и Романија, Европската унија би требало да прими нови членки дури кога земјите од ЕУ ќе ратификуваат нов договор, односно кога тој ќе биде во сила.

Во рамките на европската политика за соседство, РГ Европа се позанимава и со состојбата во Кавказ и влегувањето на руски трупи во Грузија. Инвазијата на русија во внатрешноста на Грузија на 9 и 10 август 2008 година, како и признавањето на независноста на двата региона од страна на рускиот претседател, од гледна точка на работната група значи значителна повреда на меѓународното право и на територијалните граници на Грузија. Споредувањето на влегувањето на руските трупи со интервенцијата на трупите на НАТО во Косово е неприфатливо, бидејќи отцепувањето на Косово од Србија беше последица од укинувањето на автономниот статус од страна на тогашниот српски претседател Милошевиќ, по што следеше угнетување и геноцид, а меѓународните преговори за статус на автономија, посредувани преку Обединетите нации, резултираа со неуспех поради Србија и Русија. Русија до денес го одбива отцепувањето на Косово како нешто што е спротивно на меѓународното право. Затоа таа не може да ја оправда својата воена акција во Грузија како паралела на развојот во поранешна Југославија и признавањето на независноста на Косово од страна на западните земји и земјите од ЕУ. Фракцијата на ЦДУ го поздравува јасниот став на Советот по однос на правото на секоја европска држава сама да ги дефинира своите сојузи, почитувајќи го меѓународното право и мирната соработка. Ова важи и за желбата на секоја држава да стане членка на НАТО и на тој начин да бара уште потесно поврзување кон Европската унија. Но, за таа цел односната земја мора да ги создаде предусловите така што ќе ги исполни стандардите на демократија и правна држава, коишто се очекуваат од една членка на НАТО.

**Тактика:**

Како претставник на ЦДУ Вие во ЕП имате голема тежина. Но, во Вашите интереси по однос на прашањата за проширување зависите од согласноста на другите фракции. Обидете се да влијаете врз конзервативните влади во Европскиот совет, кои можеби би ги делеле Вашите гледишта.

Во поглед на можното пристапување на Турција, Вашите претстави се сосем јасни. Турција во моментот не може да стане полноправна членка на ЕУ. Дури и кога реформските процеси во Турција се во тек, оваа земја останува премногу оддалечена од европските стандарди (човекови права, демократија, правна држава, религиозна и медиумска слобода). Во принцип, дури е и исклучено полноправно членство на Турција, бидејќи културно-историски и духовно-историски таа не припаѓа кон Европа. По проширувањето и растењето на ЕУ на речиси 30 земји-членки, пристапувањето на Турција не би можело да се поднесе. ЕУ повеќе не би поседувала способност за дејствување, а со пристапувањето би била и економски пренапрегната.

Вие принципиелно ги поздравувате сите други барања за пристапување од државите на Балканот. Но, ставете јасно до знаење: одлучувачко за моментот на пристапувањето пред брзината е квалитетот на реформите во државите со волја за пристапување. Како предуслов за нови пристапувања во ЕУ за Вас важи завршувањето на реформите на институциите, на финансирањето, аграрната политика и структурните фондови во рамките на Унијата. Државите со волја за пристапување мора да ги имаат либерализирано своите економски структури и да имаат постигнато извесна конкурентност за големата динамика на европскиот внатрешен пазар. Вие се залагате за силна и функционална Европа, на која не треба да се гледа како на еден контратежа на САД, туку која, заедно со САД, влегува во меѓународни предизвици.

# Пратеник на ЕНП-ЕД Комисијата за надворешни работи на ЕП од Франција

## Унијата „Пур ун мувемент популер" (Pour un mouvement populaire) (УМП) и европската интеграција

УМП произлезе како спој на различни конзервативни партии, меѓу другото и *„Расемблеман пур ла Републик" (Rassemblement pour la République)* (РПР), од претседателските избори и оттогаш се етаблираше како партија во Франција. Оваа партија води про-европска политика, која се стреми за соодветна улога на Франција во една обединета Европа. Сраснувањето на Европа на почетокот од 21 век се смета за неизбежно за модернизацијата и една заедничка независност на меѓународно ниво. Преовладува убедувањето дека големината на француската нација може да биде одржана само во една обединета и независна Европа, која е изградена според моделот на една федерација на национални држави и која ги почитува разликите на своите одделни членки.

За УМП е особено важно, не само да се воспостави една европска економска зона, туку да се обистини и една политичка унија со јасни темелни вредности, сопствен идентитет и политички и социјални цели. Една таква Европска унија треба да е во состојба да претставува самостојна контратежа на САД во глобалната политика. Но, за ова е потребно создавање на една европска одбранбена политика, која може да го гарантира мирот на европскиот континент. Имајќи го ова предвид оваа партија масивно се залага за ратификација на европскиот устав.

## УМП и следното проширување

Како што беше случајот и со голем дел од францускиот народ и унијата „Пур ун мувемент популер" ги поздрави и поддржа последните рунди на проширување како крај на поделбата на Европа и спроведување на вредностите на мирот, демократијата и солидарноста. На тој начин проширувањето на исток претставуваше составен дел од географската и историската логика на континентот, а истовремено и историски предизвик. Покрај историската симболична моќ, оваа партија ги нагласува и позитивните влијанија врз пазарот на труд и растот во Европа. Но, таа упатува и на тоа дека Франција мора да ја зголеми својата економска атрактивност, ако не сака да падне назад во новата Европа.

Но, членовите на УМП неколку години по ред се на мислење дека сегашната ЕУ, всушност, ги достигна своите природни граници. Оттаму темата „проширување" за Вас и не игра некаква улога. Концентрацијата на партијата сега се наоѓа во одржувањето и натамошното јакнење на карактерот на ЕУ како политичка заедница базирана на вредности и способна за дејствување. Апсолутно е неопходно Унијата да ги дефинира своите граници. Во спротивно една бескрајно растечка ЕУ ќе премине во само една слободна трговска зона – еден развој, кој е во дијаметрална спротивност со француското разбирање за една политичка и, пред сѐ, економска унија. Следствено, пратениците на унијата „Пур ун мувемент популер" бараат дефинирање на конечните граници на Европската унија така што ќе може да се реализира една заедничка политика, особено во областите на одбраната, надворешната политика и социјалната сигурност. Според партијата, при овој процес на самодефинирање одлучувачки фактор за една функционирачка заедница е историското и културно наследство на земјите.

Со оглед на ваквите размислувања УМП, сепак, се залага за пристапување на Хрватска како и на други балкански држави, штом ќе ги реализираат потребните реформски чекори. За да се зачува способноста за дејствување и посебниот карактер на ЕУ, од овие земји мора да се бара целосно преземање на *acquis communautaire*, тоа значи на целокупната правна рамка на ЕУ, пред да може да дојде до пристапување.

Надвор од овие граници, УМП не може да си претстави проширување. Во спротивно ЕУ повеќе не би била ЕУ, туку само еден збир на диспаратни интереси, една демографски неизбалансирана креација и економска зона без заедничка волја и без никакво меѓународно влијание. За да се спречи тоа, УМП се залага за крај на процесот на проширување по приемот на горенаведените земји.

Секако, тоа не значи дека Европа треба да се „запечати" зад непропусни граници кон остатокот од светот. За земјите што не припаѓаат кон ЕУ, партијата би сакала да се развијат програми за интензивни партнерства и соработка.

**Тактика:**
Како пратеник на УМП, Ваш главен интерес во смисла на горенаведената аргументација е спречување на пристапување на Турција во ЕУ. Потпрете се на наведените податоци и јасно ставете до знаење дека за Вас тоа не е одлука против Турција, туку за ЕУ и за посебната идеја за Европа. Вие ја почитувате земјата како пријател и голема нација, која направи значителен напредок во насока на демократијата и правната држава. За да се поддржи овој процес понатаму како и за да се надгради двостраната соработка, давате предлог Турција да се поврзе тесно со ЕУ преку едно привилегирано партнерство.

Полноправно членство, пак, елементарно би ја ослабнала способноста за дејствување и иманентниот карактер на Европската унија. Ниту една вистинска политичка и социјална унија, ниту една меѓународна еманципација од САД не би можеле да бидат реализирани во таков вид на многугласна заедница. Аргументирајте дека тука не се работи за прашање на религијата, туку за прашањето за сочувување на политичката ЕУ во својата оригиналност и финалност.

Пристапувањето на Турција за Вас би значело бегство од неопходното географско дефинирање на Европа, бидејќи доколку еднаш се прими Турција, тогаш не би можело да се најдат вистински аргументи против пристапувањето на земји како Украина, Молдавија, Белорусија или Магреб-државите, што би значело пат во една вечно проширувана ЕУ без цврсти граници.

И кон Турција го застапувате ставот, дека едно јасно „не" е пофер отколку несериозно „можеби некогаш". Освен тоа, укажувате на сосем скептичниот став на европскиот, а особено на францускиот народ по однос на пристапувањето на Турција и предупредувате дека се игра со стравовите и несигурноста на народот.

Обидете се во Вашата фракција да изнајдете поддршка за Вашата позиција, германската сестринска партија ЦДУ-ЦСУ би можела да Ви биде прв контакт. Колку и да сте лично убедени во горенаведената линија, во Вашата аргументативна стратегија и изборот на зборови, сепак, треба да имате предвид дека францускиот претседател, кој е во редовите на Вашата партија, на Турција внимателно и сигнализираше една долгорочна перспектива за пристапување. Морате да ги земете предвид ваквите неусогласености во самата Ваша партија. Затоа јасно нагласете дека се стремите за привилегирано партнерство со Турција, кое треба да овозможи интензивна соработка и добрососедство вон доменот на едно полноправно членство.

На зачленувањето на земјите од западен Балкан гледате исто така повеќе критички. Можеби можете да си замислите пристапување на Хрватска, не само за целосно да бидете озлогласени како „блокирач". Но, и тука опоменувате кон повлеченост и укажувате на стриктно почитување на критериумите од Копенхаген.

## Пратеник на ЕНП-ЕД во Комисијата за надворешни работи при ЕП од Шпанија

**Шпанската народна партија и европската интеграција**

Шпанија пристапи во Европската заедница во 1986 година и оттогаш доживеа огромен економски напредок. Сé уште постојат економски недоволно развиени региони, како на пример Естремадура (средна Шпанија), но благодарение на релативно ниското ниво на примања Шпанија стана значајна локација за производство во Европа.

Преку проширувањето на Европската унија на север со Австрија, Шведска и Финска, реализирано во 1995 година, се намали влијанието на јужните земји-членки на Европската унија под водство на Шпанците и Италијанците. Шпанската влада и народот стравуваат дека со проширувањето кон исток во 2004 и 2007 година како и другите планирани пристапувања Шпанија, заедно со другите „стари" европски држави од Средоземјето, не само географски, туку и политички ќе бидат потиснати на работ на Европската унија. Ова би било спротивно на самоперцепцијата на Шпанија, која се смета за член на „цврстото европско јадро". Затоа и се одбива моделот на земји-членки што соработуваат со различен интензитет. Интеграцијата треба да биде зајакната на едно единствено ниво.

Како земја од регионот на Средоземното море, Шпанија гледа особена задача во јакнењето на европската средоземноморска политика. Така, на пример, потребно е да се зајакне финансиската поддршка и економската соработка и да се интензивира политичкиот и економскиот дијалог со земјите од Блискиот Исток. Шпанија ги оценува растечките проблеми на таканаречената „јужна страна" на ЕУ (на пример имиграцискиот притисок од Северна Африка, исламскиот фундаментализам) како значително погравирачки за сопствените национални интереси отколку прашањето за проширување на Европската унија.

И покрај финансиските загуби што ги донесе проширувањето на исток за Шпанија, таа го поддржа овој чекор и исто така во принцип има позитивен став по однос на нови пристапувања во ЕУ. И според гледиштето на христијанско-конзервативната партија „Партидо Популар" (Народна партија), приемот на нови земји-членки во ЕУ се оценува повеќе позитивно.

Во текот на 90-тите, „Партидо Популар" во политичкиот спектар се движеше во насока кон центарот и денес претставува центро-десничарска партија. Таа се залага за една обединета и демократска Европа, чии темелни вредности се слободата, демократијата и хуманизмот. Исто така, таа застапува и силен економски профил. Темите „безбедност" и „сузбивање на тероризмот" се исто така од значење за партијата. До 2004 година „Партидо Популар" ја составуваше владата, по што на парламентарните избори беше заменета од социјалистичката партија „Партидо Социалиста Оберо Еспањол" (ПСОЕ). Во 2008 година таа повторно изгуби на парламентарните избори во Шпанија.

Од 1989 година „Партидо Популар" е членка на ЕНП (Европска народна партија) и во моментот има 24 од 54 шпански пратеници во Европскиот парламент.

**ПП и следната рунда на проширување**

„Партидо Популар" се залага за една поголема и интегрирана Европа и дава поддршка на проширувањето на ЕУ. Сепак, проширувањето не смее да се врши на сметка на продлабочувањето. „Партидо Популар" гледа на ЕУ како на една унија на суверени држави, која се заснова на темелни права и демократија. На тој начин Европа претставува една заедница на политички, духовни и културни вредности. Затоа „Партидо Популар" секогаш се изјаснуваше за пристапувањето на Бугарија и Романија во ЕУ и ги поддржува и земјите од западен Балкан на нивниот пат кон Европската унија. „Партидо Популар" гледа мошне критички на пристапувањето на Турција, бидејќи таа, според гледиштето на партијата, не се заснова на заедничките темелни вредности на ЕУ.

Развојот околу прашањето на независноста на Косово ПП го гледа со голема загриженост. Шпанија, за разлика од Германија или Франција, во ниеден момент не го поддржуваше излегувањето на Косово од српскиот сојуз на држави, дури и не ја призна независноста на Косово заедно со Грција, Кипар, Романија и Словачка. И покрај тоа, овие земји ја поддржуваат мисијата ЕУЛЕКС во рамките на ЕУ, која треба да ја поддржи изградбата на правна држава во Косово. Сепак, преовладува грижата, дека со признавање на Косово ќе се појави конфронтација со сепаратистички барања во својата земја, поради што Шпанија далеку повеќе јасно бара јакнење на Србија.

**Тактика:**

Како пратеничка/пратеник на ПП принципиелно го поддржувате проширувањето на Унијата. Но, изразете ја својата загриженост, како во фракцијата, така и во Комисијата, дека една проширена Унија не смее да значи и послаба Унија. Дури кога земјите-апликанти приближно ќе го постигнат економскиот стандард на ЕУ, проширувањето може да има дејство и на продлабочувањето. Ваквото барање, според приодот, може да го исполни само Хрватска.
Сé додека сите земји од Европската унија не го признаат Косово како независна држава, од Ваша перспектива не може да дојде до пристапување во Европската унија. Иако не можете да се изјасните отворено, во рамките на ЕУ-мисиите му помагате на Косово во изградбата на неговата независност.
Притискајте за подолг преоден рок за слободното движење на работната сила, за отворањето на аграрниот пазар на Заедницата и за приемот на нови земји во регионалните мерки за структурна поддршка на Унијата, за народот да го прифати проширувањето. Со ваквото барање секако можете да избегнете преголемо кратење на средствата за поддршка за Вашата земја при повторно проширување. Турција ја сметате за економски и стратешки важен партнер. Но, тешко можете да се соочите со идејата за зачленување на Турција во ЕУ, која почива на христијански вредности. Изразете ги Вашите колебања на дипломатски начин.

## Пратеник на ЕНП-ЕД во Комисијата за надворешни работи при ЕП од Италија

**Италија и европската интеграција– позицијата на „Форца Италија“**

Италија е една од ко-потписничките на римските договори од 1957 година, членка на НАТО и Западно-европската унија. Уште од почетокот Италија беше мошне убедена во идејата за европска заедница и водеше политика што е јасно насочена кон Европа. И денес Италија е една од земјите-членки на ЕУ со најголема наклонетост кон интеграцијата.

Врз основа на својата географска положба, политиката на Средоземјето има големо значење за Италија. Затоа таа го поддржа и проширувањето на ЕУ на југ (приемот на Грција, Шпанија, Португалија, Бугарија и Романија), иако Италија се наоѓа во конкуренција со овие пет земји по однос на јужниот аграрен пазар.

Проширувањето на ЕУ на исток, кон кое Италија во принцип се постави позитивно, беше набљудувано, пред сѐ, од финансиска и безбедносно-политичка перспектива. Со пристапувањето на овие држави, Италија стравуваше од финансиски загуби и намалување на нејзиното влијание во ЕУ. Но, бидејќи Италија ги следи своите интереси особено во регионот на Средоземното море, прашањето за приемот на Малта и Кипар беше од поголемо значење отколку прашањето за пристапувањето на земјите од средна и источна Европа.

И покрај ваквите задршки, конзервативно-десничарската партија „Форца Италија“ (Напред Италија) се изјасни за проширувањето. „Форца Италија“ беше формирана во 1994 година во опкружувањето на распуштањето на „Демокрациа Христиана“ како ново политичко движење на Силвио Берлускони. Таа воглавно се залага за една либерална и помалку централистичка Италија. Со својот, донекаде популистички, ангажман за една патриотска Италија што е истовремено отворена за заедница и солидарност во Европа, таа веднаш беше избрана во италијанскиот, но и во Европскиот парламент. Во Европскиот парламент таа е застапена со 24 места од вкупно 78 италијански пратеници.

„Форца Италија“ е оспорена, пред сѐ, поради Берлускони и неговите изборни ветувања. Претседателот на партијата повеќепати беше пред суд поради корупција, илегално финансирање на партијата и лажирање биланси и во прв степен беше трипати осудуван на затворски казни. Но, правосилно осудување на затворска казна досега не е изречено од страна на италијанските судови.

Владата на Италија, која од 2001 е водена од Силвио Берлускони и „Форца Италија“, се покажа најстабилна во италијанската повоена историја. Политички, таа одвреме-навреме, беше под притисок и не можеше да спроведе различни проекти, меѓу другото, поради масивни протести на синдикатите и делумно поради отпорот на коалициските партнери. При неизборот на „Форца Италија“, состојбата со конјунктурата во земјата играше значајна улога. Наспроти своите изборни ветувања, партијата не успеа да воведе период на економски процут. Наместо тоа, земјата прикажа ниски стапки на раст и висок буџетски дефицит.

По изгубените парламентарни избори во 2006 против поранешниот претседател на комисијата, Романо Проди, во 2008 година „Форца Италија" повторно се врати на власт.

**„Форца Италија" и проширувањето на Европската унија**

Уште од почетокот на Европската унија Италија ги поддржуваше сите мерки, кои имаа за цел продлабочување на Заедницата. Затоа и сите досегашни проширувања беа оценети како еден позитивен развој. „Форца Италија" стои позитивно и пред планираното проширување, но предвид се земаат како политичките предности, така и евентуалните економски последици. Демократизацијата и стабилизацијата на средна и источна Европа е важна цел за Италија, која, пак, не смее да биде реализирана на товар на европската средоземноморска политика.

Во поглед на приемот на Турција во ЕУ, „Форца Италија" се изјасни позитивно, со што се разграничува од позицијата на ЕНП (Европската народна партија), кон која припаѓа оваа партија во Европскиот парламент.

**Тактика:**

Вие ја следите целта на проширување на Европската унија, за на тој начин да можете да го реализирате вистинскиот дух на римските договори – создавање на една голема европска заедница. Се разбира, земјите—пристапнички мора да исполнат политички и економски услови, пред пристапувањето во Унијата да стане можно. При своите реформски напори ЕУ треба да ги поддржува великодушно земјите со волја за пристапување, без притоа да се скрати помошта за структурно слабите области на сегашните земји-членки и, пред сѐ, на Италија.
Но, имајќи ја предвид согласноста во поглед на проширувањето, Вам Ви е важно, со проширувањето кон југоисток да не се запостави политиката на соседството во регионот на Средоземното море. Вам Ви се многу важни тесните контакти со овие соседни земји, за на тој начин да ги решите проблемите како што се илегалната имиграција во Европа и сузбивањето на исламистичкиот фундаментализам и тероризмот. Имајќи ја предвид Вашата географска положба, Вие сте особено засегнати од двата проблема.
Свесни сте за тоа дека Вашиот глас има тежина како припадник на најмоќната фракција во Европскиот парламент. Затоа обидете се да постигнете единство во Вашата фракција за најважните позиции од политиката на проширување. Во советувањата претставете ја неопходноста од брзо проширување, исто така и по однос на Турција. Во вашите очи приемот на Турција во ЕУ создава една уште поголема зона на стабилност и демократија, од која на крај ќе профитираат сите страни. Освен тоа, Вие сметате, без тоа отворено да го искажете, дека пристапувањето на Турција би ја зајакнала позицијата и застапувањето на интересите на јужните земји-членки во ЕУ.
Особено силна поврзаност Италија од историски причини одржува со Албанија. Оттаму во рамките на ангажманот за Балканот, од италијанска перспектива Албанија зазема важна улога. Сепак, „Форца Италија" и од географски причини како и од односните приливи на бегалци кон Италија си посакува брзо вклучување на Албанија во разговорите за пристапување.

# ФРАКЦИЈА „СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ЕВРОПА“

www.eurosocialists.org

Фракцијата на Социјал-демократската партија на Европа е создадена во 1992 од сојузот на социјал-демократски и социјалистички партии на ЕЗ. Таа, со безмалку една третина од пратениците, е втората најмоќна фракција во ЕП и ги претставува социјалистичките и социјал-демократски парламентарци од сите европски земји. Традиционално нејзините корени се во борбата на работниците за подобри услови за работа и за поправедна распределба на благосостојбата. Пратениците особено се ангажираат за правата на работниците, одбраната и проширувањето на човековите права и граѓанските права, унапредувањето на мирот и соработката во една Европа без граници и заштитата на потрошувачите.

За пратениците на СПЕ, Европа е еден меѓудржавен поредок, кој претставува повеќе социјална еднаквност, повеќе демократија во државата и економијата и повеќе солидарност меѓу сите народи во светот, пред сé со оние од Третиот свет. СПЕ се залага за надградба на Европска унија, која ја јакне демократијата, но истовремено ја задржува и културната разноликост на народите. ЕУ за фракцијата претставува инструмент, за да се дадат одговори на предизвиците, кои националните држави повеќе не можат да ги совладаат. Тука спаѓа глобализацијата на економијата, но и тероризмот и сиромаштијата. Една значајна цел денес за СПЕ е создавањето работни места и развојот на европски социјален модел. Таа бара координирана стратегија за раст, освен тоа, во внатрешниот пазар мора почесто да се дискутираат социјални прашања. Улогата на парламентот (освен ако не се мисли на Европскиот), како единствена демократска институција што е навистина избрана од народот, мора и понатаму да биде зајакната.

СПЕ се залага за една заедничка надворешна и безбедносна политика и за заедничка одбранбена политика како значаен чекор кон обезбедувањето на мирот во една „сраснувачка“ Европа. Проширувањето на Европската унија таа го гледа како историска шанса за конечно отстранување на поделбата на Европа, за проширување на географските граници и за унапредување на демократијата и стабилноста на целиот континент. СПЕ се залага за истовремени преговори со сите кандидати за пристапување, иако една земја може да пристапи порано од друга. Олучувачки за пристапувањето за СПЕ е преземањето на *acquis communautaire* на Европската унија, но се залага и за флексибилност преку преодни регулативи. Оваа фракција сака да им даде посебна поддршка од страна на Унијата на оние кандидати за пристапување, кои имаат далечен пат пред себе во процесот на пристапување.

По однос на Турција, СПЕ нагласува принципиелна отвореност на Унијата и принципиелна можност за пристапување, коешто всушност е предвидено уште со првата спогодба за асоцијација од 1963 година. Но, пред да можат да започнат преговорите за пристапување, таа од Турција бара придржување кон, честопати бараните „политички критериуми“ за пристапување: создавање една солидна демократија, воспоставување правна држава, целосно почитување на човековите права и правата на малцинствата, развојот на добри меѓусоседски односи според принципите на меѓународното право и меѓународните договори.

Фракцијата ја гледа потребата од темелно спроведување на политички и економски реформи на западниот Балкан. Земјите од западен Балкан мораат и понатаму да работат во насока на исполнување на копенхашките критериуми, кои имаат за претпоставка постоење на функционирачка пазарна економија, економска

стабилност, почитување на правата на малцинствата како и соработка меѓу соседите. За возврат, како прв чекор фракцијата на СПЕ би се заложила за кратење на визните определби за граѓаните од балканските држави.

Покрај тоа, целосната соработка со Меѓународниот суд во Хаг останува централен услов за започнување на преговорите во насока на членство во ЕУ.

Од перспективата на СПЕ-фракцијата, напредокот на Хрватска испраќа добар сигнал на другите земји од западен Балкан, коишто ќе ги исполнат потребните услови, во поглед на нивните изгледи за пристапување.

Особено соработката меѓу Европскиот парламент и парламентите на земјите од западен Балкан претставува одлучувачки фактор во подготовките на земјите за прием во ЕУ.

**Ваша задача како член на фракцијата:**

Замислете си дека сте член на оваа фракција. Вашата група во моментот е втората најјака група во Европскиот парламент. На тој начин имате големо влијание врз сите дискусии во пленумот. Но, немате мнозинство, па затоа не сте во можност да реагирате сами на иницијативи на Комисијата. За таа цел Ви е потребна поддршка од други политички групи, а за Вас е исклучително важно да Ви биде јасно дека особено Европската народна партија игра битна улога во ЕП и, во даден случај, може и да ги блокира Вашите иницијативи, со тоа што ќе најде помали „коалициски партнери".

Ваша задача е да го пронајдете вистинскиот оптимален пат, бидејќи од една страна мора да барате компромис, а тоа може да доведе до губење на политичкиот профил, а од друга страна држењето на своите позиции може да доведе до намалување на влијанието на ЕП, доколку не можете да се договорите со Вашите колеги. На тој начин одлуката на крајот би била ставена во рацете на Комисијата и на Советот на Европската унија.

Во секоја фракција постојат специјални експерти за одредени политички области. Вие припаѓате кон Комисијата за надворешни работи и воглавно работите на прашања за идното обликување на една Европска унија на промени и проширувања. Вие треба критички да ги расветлите шансите и ризиците од повторно проширување на ЕУ со државите од југоисточна Европа. Ваша задача е, со другите членови на СПЕ да изнајдете заедничка позиција по однос на прашањето на проширување. Понатаму, ќе барате приврзаници во другите фракции, можни коалиции и контроверзно ќе дискутирате за тематиката во Парламентот, за да го убедите политичкиот противник во Вашето политичко сфаќање. Но, запомнете: бескорисно е само да зборувате без да слушате. За ефективно да ја обликувате работата на ЕП, морате да работите на компромис, за да можете успешно да им се спротиставите на предлозите на Советот на Унијата, кои можеби и нема да бидат во линија со ЕП.

**Пратеник на СПЕ во Комисијата за надворешни работи на ЕП од Австрија**

www.spoe.at

**Австрија во ЕУ – позицијата на СПО (SPÖ)**

Врз основа на законот за неутралност од 1955 година, Австрија долго време имаше скептичен став кон пристапувањето во ЕУ. По промената на политичкиот курс, во 1995 сепак дојде до пристапување на Австрија во ЕУ, за кој се застапуваше мнозинството од австрискиот народ.

Уште од почетокот на своето членство Австрија сигнализираше дека сака да спаѓа во најтесното јадро на Европската унија. Така на пример, таа ја потпиша Шенгенската спогодба, со која е регулирано постапното намалување на контролата на лица во внатрешните граници на земјите-потписнички. И покрај својата надворешно-политичка неутралност од Втората светска војна па наваму, Австрија содејствува и во заедничката надворешна и безбедносна политика (ГАСП) на ЕУ.

СПО беше долги години вклучена во владата и ја имаше позицијата канцелар во времето кога Австрија пристапи во Европската унија. Австриските социјал-демократи во својата европска политика особено се концентрираат на три полиња:

- Натамошен развој на ЕУ во една унија на работа и социјална унија,
- Реформите во европските институции со првична цел спречување на лошото стопанисување, корупцијата и измамата,
- Развојот на една европска безбедносна архитектура со зачувување на австриската неутралност.

**СПО и следното проширување**

СПО ја поддржа последната рунда на проширување со десет земји од средна и источна Европа, особено од економски и безбедносно-политички причини. Со оглед на својата местоположба на работ на исток, во Австрија постои голем интерес за натамошно интегрирање на земји од источна Европа во Унијата. Австрија, како и други земји на работ на Европа, од средна и источна Европа, профитира од политичките и економските промени во овие земји. Нејзината трговија со земјите од средна и источна Европа континуирано расте. Освен тоа, земјата има особен интерес во спречувањето слични конфликти на своите граници, како оние во Југославија како и во сузбивањето илегална економска имиграција.

По заокружувањето на првото големо проширување на исток, СПО сепак најпрво се залага за една фаза на консолидација, во која е потребно да се заврши интеграцијата на сегашните земји-членки и тежиштето да се стави на изградбата на една социјална Европа. Овде игра улога и расположението на избирачкото тело, бидејќи тоа зголемено ги артикулира своите стравувања од последиците на проширувањата, особено на полето на пазарот на труд.

СПО се залагаше за приемот на Бугарија и Романија „имајќи ја предвид сета претпазливост“.

Предностите од членството на Австрија во ЕУ останува неспорно, и покрај сите сомнежи. ЕУ од една страна е најуспешниот мировен проект во светот, а од друга страна Австрија успеа економски енормно да профитира од пристапувањето во ЕУ. И

покрај се́, постои потреба од подобрување. Најбитен интерес на СПО е развојот на Европската унија во насока на една социјална унија. Во иднина на дневниот ред не смеат да стојат интересите на економијата – подеднаквите можности и фер постапувањето мора да заземат исто таква важна вредност. Исто така, од есенцијална важност е надградбата на еколошката компонента на ЕУ. Во екот на климатските промени, заштитата на животната средина во Европа не смее да биде незначителна.

Барањата на СПО за 2009 година се:

- отворено изјаснување за мировниот проект „ЕУ" и за членството на Австрија во ЕУ;
- социјална унија, социјална Европа, која сериозно ги сфаќа фактичките потреби и интереси на работниците во ЕУ;
- голем ангажман на Австрија како неутрална земја и активен партнер во една обединета Европа;
- потребно е повеќе демократија, посилно поврзување на граѓаните во процесот на европското одлучување за да се сузбие скепсата за ЕУ;
- оттаму референдум во Австрија во случај на идни измени на договорната рамка на ЕУ, доколку на тој начин се допрат темелни интереси на Австрија. Тоа треба да важи како за новиот реформски договор, така и за важни измени во сегашниот Европски договор;
- изјаснување за прием на Хрватска во ЕУ и за јасна перспектива за пристапување за земјите од западен Балкан;
- скептично оценување на пристапувањето на Турција, основен услов за приемот и тука е позитивниот резултат од референдумот во Австрија; Фактот дека СПО се наоѓа на вистински пат во поглед на европската политика покажува и една анкета од јули 2008 година: 67 проценти се изјасниле за референдум по однос на идните промени на договорот, а со тоа и за прием на нови членки во ЕУ, додека само 22 проценти од анкетираните се против референдум.

**Тактика:**

Како пратеник на СПО во Европскиот парламент стоите зад горе опишаната линија на партијата во поглед на проширувањето и обликувањето на Унијата, при што непрецизностите и „сивите" зони во партиската програма ги пополнувате со сопствени убедувања. Веќе поради мултинационалното австриско минато Вие во принцип ја поддржувате интеграцијата и сте заинтересирани за зајакната политичка, економска и културна размена со земјите што покажуваат волја за пристапување. Опасноста од недоволна популарност на проширувањето во вашиот изборен круг го пресретнувате со објаснување и презентирање на причините и на користа за Австрија. Но, според Вас, новите пристапувања во ЕУ не можат да се реализираат безусловно и избрзано.

Сепак, за да ги пресретнете сомнежите на вашите гласачи, во принцип барате референдум во Австрија по прашања за проширувањето на Европската унија и измените на основните договори (како што е случајот со договорот од Ница или по однос на договорот од Лисабон). Но, вашето барање не е поддржано од другите фракции од Австрија.

Во целина, за Вас е важно, дискусијата за ново проширување да не ги кочи и преоптовари ниту развојот ниту, пак, напредувачката интеграција на ЕУ. Затоа Вие најпрво се изјаснувате за една конструктивна пауза во проширувањето и за концентрација во консолидирањето и продлабочувањето на постигнатото. За Вас, пред се́, е важна надградбата на социјалната компонента на Европа и создавање економски раст и вработување. Вие се залагате за тоа ваквите размислувања да не потонат во вода при следните рунди на проширување.

Ако тоа е загарантирано, тогаш примарно ги поддржувате преговорите за пристапување со Хрватска и земјите од Балканот. Тука особено настапува Вашето историско разбирање на мултилатералната соработка. Имате специјален интерес во пристапувањето и се изјаснувате за тоа почетокот на преговорите да не зависи од пресудата на Судот за воени злосторства, туку да поставите сопствени критериуми. Аргументирате дека тековните односно веќе завршените постапки против хрватски војници пред Трибуналот доволно ја потврдуваат волјата за соработка на хрватската влада. Подвлекувате дека преговорите за пристапување можат да бидат прекинати во секое време, доколку Хрватска во иднина ја бојкотира соработката.
Зад овие први кандидати за пристапување, според Вас далеку понизок приоритет има барањето за пристапување на Турција. Не се поставувате стриктно против приемот на Турција, но јасно упатувате на моменталните дефицити на Турција во исполнувањето на критериумите за пристапување и „притискате" за широк временски распон за започнување и тек на преговорите. Особено аргументирате дека меѓу законодавната реформска активност на владата и имплементацијата во турската реалност, особено по однос на невработеноста, сиромаштијата, злоупотребата на децата како работна сила) и илегалната работа постои голема празнина. Освен тоа инсистирате на контрола на економската изводливост и социјалната подносливост на пристапувањето на Турција во ЕУ.
Во целина претпочитате воспоставување специјална соработка меѓу Турција и ЕУ. Во тој контекст во разговорите можете да го внесете создавањето на една посебна европско-турска унија.

## Пратеник на СПЕ во Комисијата за надворешни работи на ЕП од Германија

**Германија и ЕУ – позицијата на СПД**

Германија е една од шесте членки-основачи на Европската економска заедница и од самите почетоци на европското обединување водеше една политика сосем отворена кон интеграцијата. Историски ова се заснова на фактот што кратко по завршувањето на Втората светска војна европската интеграција на Германија и понуди не само можност за надминување на своето долгогодишно непријателство со Франција и истото да го претвори во однос на доверба, туку, покрај тоа, преку процесот на супранационално одлучување повторно да стекне делумен суверенитет и извесно меѓународно признавање и способност за дејствување. Оттаму една единствена Европа, способна за дејствување важи за елементарен германски интерес, додека соработката со Франција преку „германско-францускиот мотор" има прв приоритет.

И Социјал-демократската партија на Германија (СПД) сака натамошна интеграција во насока на една политичка унија и се залага за тоа ЕУ и понатаму да може да им одговара на нејзините предизвици. Затоа таа го бара развојот на една заедничка европска надворешна и одбранбена политика, во која можните мнозински одлучувања ќе ја обезбедат способноста за дејствување.

**СПД и следното проширување**

Германија го поддржува приемот на држави од источна и југоисточна Европа од различни причини. Така, на пример, постои огромен безбедносно-политички интерес за економска и политичка стабилизација на овие држави. Освен тоа, на различни поводи Германија континуирано упати на историско-моралната обврска на земјите од источна Европа да им го овозможи вклучувањето во ЕУ, за да се надмине неприродната поделба. Но, Германија истовремено е и најјако конфронтирана со социјалните и економските предизвици, кои произлегуваат од повторното проширување, на пример миграцијата исток-запад и имиграцијата на евтина работна сила.

На досегашното проширување кон Исток, СПД, и покрај неколку задршки на полето на слободното движење на работна сила, го смета за обострана добивка и особено го нагласува проширувањето на мирот, безбедноста и стабилноста, борбата против организираниот криминал, заштитата на илегалното доселување како и економските предности од еден проширен внатрешен пазар.

По однос на новите источни соседи на ЕУ, каков што е Балканот, партијата би сакала да оствари една консеквентна надградба на договорните инструменти за партнерска соработка, коишто не мора автоматски да водат до пристапување. Сепак, СПД уште во 2001 година се заложи за тоа можностите за влијаење врз македонските и албанските конфликтни страни да се исцрпуваат на нивото под физички притисок. СПД секогаш се обидувала да ја изегне силата како решение за политички цели. Од нивна гледна точка државата Македонија, која страдаше, е упатена на економска помош однадвор и може да се придвижи во насока на политика за етнички малцинства, којашто одговара на меѓународни стандарди, само преку комбинација на мотивација и притисок. Милитантните албански сили ја имаат својата материјална

база во доменот на влијание на меѓународната заедница: во Косово, Албанија и одделни земји на дијаспората. Ефективното прекинување на алиментацијата на граѓанската војна според СПД е досега сѐ уште недоволно искористена опција.

Затоа е потребен еден долгорочно поставен политички и економски концепт, за на регионот да му даде перспектива за мир, слобода и благосостојба. Еден исправен пристап претставува Пактот за стабилност за Балканот што беше развиен од ЕУ. Потребно е овој Пакт за стабилност да продолжи да се развива и да се слее во пристапување во Европската унија.

Сепак, на Хрватска треба веќе во догледно време да и се даде перспектива на пристапување, доколку хрватската влада изјави дека се согласува со безусловната соработка со Судот за воени злосторства за поранешна Југославија.

По прашањето за Турција се заговара перспектива за пристапување во иднина како и започнување на преговорите. На ова се гледа како на историска можност за целиот континент. СПД го нагласува поддржувачкото влијание од една таква опција за пристапување врз значителните реформски напори на Турција од една страна и геостратешки и економски предности за ЕУ и Германија, од друга страна.

Кон аргументот дека ЕУ не била во состојба да го преброди уште и пристапувањето на Турција, СПД смета дека:

- Од одлуката во Копенхаген до приемот на 10 нови членки на 1 мај 2004 година поминаа 11 години. Општествата во Полска, Унгарија, Чешка и во другите земји-пристапнички денес изгледаат сосем поинаку од состојбата во 1993. И ЕУ се има изменето.
- Турција смета на времетраење на преговорите од најмалку 10 години, претседателот на владата, Ердоан, самиот ја постави како цел 2019 година. При пристапување на Турција по 15 години, значи 2020 година, нема да се промени само Турција, туку и ЕУ нема да биде истата со онаа денес. До тој момент и ЕУ ќе ги има имплементирано внатрешните реформи. Со донесувањето на европскиот устав ќе се води грижа за да биде загарантирана способноста за функционирање на Унијата при приемот на Турција и на други држави од југоисточна Европа.

И како економски партнер и пазар за пласман Турција е од голем интерес за ЕУ. ЕУ и Германија веќе денес значително профитираат од интензивираните економски односи од воспоставувањето на царинската унија. Со години Германија е најзначајниот трговски партнер на Турција, која 50% од својата надворешна трговија ја реализира со ЕУ. Една третина од тоа отпаѓа на Германија. Освен тоа, Германија е лидер во поглед на директните инвестиции во Турција. Од друга страна, во Германија постојат преку 40.000 турски компании, кои обезбедуваат дополнителни работни места.

Економијата на Турција забележува позитивен развој. Во периодот меѓу 1990 и 2002 година таа покажа просечен раст за 3%. Во 2003 година реалниот бруто-домашен производ (БДП) се зголеми дури за 5%. Исто така, во последните години беше ублажена и инфлацијата.

**Тактика:**

Како германски пратеник на СПД во Европскиот парламент Вие секогаш се надевавте дека ќе му дојде крајот на конфликтот Исток-Запад, за конечно и земјите од источна Европа да можат да бидат членки на, само од западна Европа долго време обликуваната, Европска унија. Освен тоа, на проширувањето гледате како на една голема можност за економијата, освојување нови пазари за пласман, а со тоа и за овозможување нови работни места. Долгорочно преовладуваат очекувањата за добивка над среднорочно неопходните дополнителни оптоварувања.

Не сокривате дека би ја гледале Германија како лидерска сила во Европа, која особено се ангажира по прашања за заштитата на животната средина, социјалниот стандард и заштитата на потрошувачите.

Исто така му забележувате и на досегашниот висок финансиски товар, кој се создаваше за Германија преку помошта од ЕУ за структурно слабите земји-членки на ЕУ. Оваа тема и „изумирањето на земјоделците" се теми, кои постојано се критикуваат при Вашите домашни посети во изборното место. При повторното проширување на ЕУ, токму во поглед на Турција, некои од Вашите избирачи стравуваат од уште потешки финансиски обврски како резултат на трансферните плаќања. Освен тоа, се препознава опасност од зголемен криминал и го доведува во прашање досегашниот европски систем за аграран пазар. Кај голем број гласачи и понатаму е голем стравот од конкуренцијата на евтина работна сила, а Вие не можете целосно да ги игнорирате ваквите сомнежи на Вашите гласачи. Затоа, исто како и при првото проширување кон исток, се залагате за дефинирање преодни рокови во чувствителните области, како што е слободното движење на работна сила.

Во случајот на Хрватска останувате верни на традиционалната линија на Германија и се залагате за преговорите за пристапување. Сепак, како услов поставувате Хрватска подобро да соработува со Судот за воени злосторства.

И по однос на започнувањето преговори со Турција Вие се заложувате за преговорите, штом Турција ги исполни политичките критериуми од Копенхаген, при што Вам Ви е и онака јасно дека во доменот на верската слобода, заштитата на малцинствата и правната држава има уште многу работа. Кај Турција инсистирате на што е можно побрзо отстранување на недостатоците. Ако е тоа загарантирано, за Вас преовладуваат предностите од идно пристапување: ќе се поддржува и зајакнува реформскиот процес во Турција, проширувањето на внатрешниот пазар за сите страни носи економски предности, надворешно-политичката тежина на проширената ЕУ расте, а Турција како земја-членка може да биде мост кон исламскиот свет.

Турција во својата перцепција е втемелена во Европа и со тоа спаѓа во европските држави. Ова ЕУ официјално веќе го призна со давањето кандидатски статус на Турција. Религијата и културата не спаѓаат во аргументи против пристапувањето на Турција, бидејќи ЕУ претставува заедница на вредности, а не заедница на религии, која живее токму од својата договорно обезбедена културна разновидност.

Но, не заборавајте дека во Вашето гласачко тело преовладуваат мешани чувства токму во поглед на можните миграциски движења по пристапувањето на Турција и дека прашањето на Турција е жешко и оспорено во политичкото милје на Европа. Значи не настапувајте премногу офанзивно, за да не бидете веднаш изолирани и барајте преодни рокови за слободното движење и пазарот на труд во смисла на Вашите гласачи. Доколку наидете на отпор, постојано укажувајте на тоа дека никој нема да ја прими Турција во ЕУ утре, туку дека станува збор за процес, кој ќе се развлекува најмалку една деценија. Оттаму од денешна перспектива не можат да се образложат аргументи по однос на недоволната способност за дејствување од една проширена ЕУ.

## Пратеник на СПЕ во Комисијата за надворешни работи на ЕП од Малта

**Малта во ЕУ и проширувањето – позицијата на Партијата на лабуристите (Partit Laburista)**

Политичкото случување во малта е доминирано, пред сé, од две големи партии, работничката партија „Лабуристичка партија‟ (Partit Laburista) и конзервативно-либералната Националистичка партија. Досега овие две партии со промени го даваа мнозинството во парламентот во Малта, а со тоа и владата на оваа земја.

Во поглед на пристапувањето во Европската унија во Малта не владееше потполн консензус. Во 1990 година Малта, под водство на Националистичката партија , го поднесе барањето за прием во ЕУ, кое, пак, владата на „Лабуристичката партија‟, избрана во 1996 година, го одложи. По повторната промена на владата во 1998 година Малта го обнови своето барање за пристапување. Од тој момент пристапувањето во ЕУ претставуваше најважната надворешно-политичка цел на Малта. На референдумот на 8 март, 2003 година, 53,6% од населението се изјаснија за пристапување на Малта во ЕУ. Следејќи го трендот од референдумот и поздравувајќи го приближувањето кон ЕУ, во 2003 година беше повторно избрана националистичката партија. На 1 мај, 2004 година Малта пристапи во ЕУ, со што го заседе местото на Луксембург како најмала европска земја.

На парламентарните избори пролетта 2008 година повторно победи Националистичката партија.

Лабуристичката партија, основана во 1921 година, беше мошне критички поставена кон интеграцијата на Малта во ЕУ. Оваа партија отсекогаш се залагаше за засилена политичка и економска соработка со ЕУ, како на пример во рамките на спогодбата за асоцијација и во форма на слободната трговска зона, но од различни други причини го одбиваше зачленувањето во ЕУ.

Лабуристичката партија го застапуваше мислењето дека една политичка унија содржела преголеми обврски и оптоварувања за Малта. Лабуристичката партија стравуваше и од негативни економски последици за Малта, кои според партијата би можеле да доведат до зголемување на сиромаштијата и јакнење на социјалната нерамнотежа. Од пристапувањето на Малта во ЕУ, оваа партија беше подложена на промени и во меѓувреме застапува далеку појасна про-европска, иако понекогаш и критична линија. Во моментот лабуристичката партија е најголемата опозициска партија на Малта. Учеството на изборите е традиционално високо поради обврската за гласање, што се потврди и при изборите за Европскиот парламент во 2004 година. Со 82 проценти излезеност на изборите, Малта се издвои од останатите земји-членки, кои се карактеризираат со рекорди за мал степен на излегување на избори.

Од 1 јануари, 2008 година Малта го воведе еврото.

Лабуристичката партија во Европскиот парламент припаѓа на фракцијата на СПЕ. Но, и покрај таквата припадност кон СПЕ, која се залага за повторно проширување на ЕУ, лабуристичката партија по оваа точка застапува поинакво мислење. Иако традиционално скептичната позиција на лабуристичката партија на тема ЕУ се промени и значително попозитивно е поставена по однос на ЕУ, оваа партија по

однос на планираното проширување покажува повлеченост. Таа не е жесток противник на проширувањето, но е повеќе скептик.

**Тактика:**

И покрај Вашето членство во фракцијата на СПЕ, Вие не се согласувате со повторното проширување на ЕУ безусловно, далеку повеќе, Вие сте скептик во поглед на приемот на нови членки, независно од географската состојба и големината на државите.
Ваше најголемо стравување е тоа дека економските и, пред сé, социјалните достигнувања во ЕУ би можеле да бидат загрозени со приемот на други, економски послаби, членки. Последица би можеле да бидат поголемите социјални нееднаквости и зголемената опасност од сиромаштија.
Сепак, ваквата позиција ја искажувате внимателно и дипломатски, бидејќи СПЕ застапува поинакво мислење, имено залагање за прием на нови членки. Вие сте свесни за фактот дека вие сте една мала партија со три пратеника во Европскиот парламент и вашето влијание е ограничено, имајќи го предвид малиот број пратенички места во Европскиот парламент. Затоа барајте сојузници за вашата позиција, но истовремено бидете подготвени и за компромиси.
Особено со оглед на вашата географска положба се изјаснувате за тоа, Европската унија да ги прошири своите стремежи во регионот на северна Африка.

## Пратеник на СПЕ во Комисијата за надворешни работи на ЕП од Шведска

### Шведска во ЕУ – позицијата на Социјал-демократска работничка партија на Шведска (Sveriges Socialdemokratiska Arbetareparti)

Од почетоците на 19 век Шведска, во основа, се држеше настрана од развојот на европското копно. Со својата долга „политика на неутралност", а заедно со тоа и политичката изолација, оваа земја имаше долг период на мир што придонесе кон тоа, на вклучувањето на Шведска во Европската заедница да не се гледа како на нешто неопходно. Од друга страна Европа во очите на Шведска требаше да е само еден континент на слободна трговија меѓу суверени држави. Покрај тоа, интензивна политичка размена со директните земји-соседи овозможи и Нордискиот совет што постои од 1952 година.

Но, договорот од Мастрихт (1993), големиот преврат во средна и источна Европа како и сé потесните трговски односи меѓу Шведска и ЕУ доведоа до пренасочување на шведската европска политика. На 1 јануари 1995 година Шведска пристапи во Европската унија. Но, референдумот за пристапување во економската и монетарна унија од септември 2003 година излезе негативен, така што земјата не го воведе еврото. Тука се покажа, дека мнозинството на шведскиот народ се нема откажано од досегашниот мошне критички став кон ЕУ.

Шведското членство во ЕУ е водено, во прв ред, од интересот за гарантирање основа за економски раст, работа и благосостојба преку слободниот пристап до меѓународните пазари. Овен тоа, Швеѓаните се мошне горди на достигнувањата на нивниот социјален модел, заштитата на животната средина и транспарентниот стил на управување на земјата, кои не сакаат да бидат загрозени преку европската политика. Оттаму, тежишта на шведската европска политика се политиката на работа и раст, рамноправноста на мажот и жената, заштитата на животната средина и потрошувачите и транспарентност, демократско легитимирање и блискост на европските институции до граѓаните. Покрај овие теми, за Шведска и социјал-демократската работничка партија важни политички области претставуваат и европската безбедносна и одбрамбена политика (ЕБОП) и проширувањето на ЕУ.

Социјал-демократската работничка партија е најстарата партија во Шведска. Таа е основана во 1889 година. Од своето прво учество во владата во 1917 година, таа речиси 70 години беше партија во владата, за по неколку прекини во 2002 повторно да биде избрана во владата. Од изборите во 2006 година, оваа партија повторно се наоѓа во опозиција. Во Европскиот парламент Социјал-демократската работничка партија испраќа вкупно 19 шведски пратеници.

### Социјал-демократската работничка партија и проширувањето

Надредената цел, која ја поврзува Шведска со последното проширување, имено историската можност за прием на балтичките соседи и трговски партнери во ЕУ, од 1 мај 2004 година е исполнета. И покрај одредени сомнежи, Шведска го поддржа процесот на последното проширување во текот на своето претседавање со Советот во 2001 година, а е отворена и кон продолжување на ваквата политика на проширување. Главен аргумент тука е што привлечната сила на ЕУ влијае врз

постигнувањето воодушевувачки демократски, економски и социјален напредок во кандидатите за пристапување. Ова, пак, влијае мошне позитивно врз безбедносната состојба на Шведска и на цела Европа.

Освен тоа, Шведска му придава големо значење на тесното партнерство со Русија, од историски и географски причини. Од приемот на земјите од средна и источна Европа владата очекува истовремено импулс за односите меѓу ЕУ и Русија. Од друга страна, Шведска во својата политика на проширување мора да има предвид дека Русија мошне внимателно ги следи стремежите за приближување на поранешните советски републики кон ЕУ.

Понатаму, социјал-демократската работничка партија, и покрај залагањето за процесот на проширување, е заговорник за строга примена на критериумите од Копенхаген како услов за пристапување. Тие треба да бидат мерило за тоа, дали една земја е способна за пристапување или не. Во овој контекст, за Шведска од големо значење е почитувањето на социјалните и еколошките стандарди во земјите-пристапнички, за да го пресретне можното загрозување на шведскиот социјален модел преку проширувањето.

Како голем давател на средства во Унијата, Шведска стравува и од тоа дека ќе мора да сноси натпропорционален дел од трошоците за проширување, па затоа истрајно се бори за јасно разграничување на финансиската рамка, како и на реформи на заедничката аграрна политика, поврзана со големи трошоци, пред да дојдат нови пристапувања.

**Тактика:**
Како претставник на социјал-демократската партија од владата, Вие во целина го поддржувате приемот на нови членки во ЕУ. И во поглед на загриженоста на делот од народот во Шведска што е критички настроен кон ЕУ, Вашата согласност ја врзувате за определни услови. Притоа најважно од сé за Вас е, кандидатите за членство да ги исполнуваат критериумите од Копенхаген, а особено да го гарантираат почитувањето на социјалните и еколошките стандарди. За Вас исто така мора да биде загарантирано дека ќе бидат зачувани транспарентноста и демократскиот легитимитет на системот на европското одлучување како и дека истите ќе продолжат да бидат зајакнувани. Конечно, во кругот на актуелните земји-членки барате да се ограничат трошоците од проширувањето со договори и да се извршат реформи во европската аграрна политика, којашто е подложна на големи трошоци, пред приемот на нови земји со јасни аграрни карактеристики, како и да се отвори истата за пазарните сили.
И во поглед на Балканот, Вие гледате јасна поврзаност меѓу европската перспектива и забрзување на процесот на стабилизација и реформи. Се залагате за тоа, паралелно со активностите за стабилизација на регионот, да се подготвува и нивната интеграција во западните структури. Ова не мора да се случува по секоја цена со пристапување во ЕУ, туку може да се прифати и во форма на специјални партнерства. Сепак, преговори за пристапување во овој момент исклучувате за сите земји, кои не соработуваат ангажирано со Трибуналот за воени злосторства на Обединетите нации. На Турција и ги поставувате истите мерила како и на другите кандидати: доколку земјата ги исполнува критериумите и консеквентно го спроведува реформскиот процес, Вие се залагате за започнување на преговорите за пристапување. Од ова очекувате позитивен знак и мотивација за имплементација на одлучените реформи. Сепак, во врска со Турција ставате јасно до знаење дека пред фактичкото пристапување е потребно да се надминат уште многу проблеми, како што е прашањето на човековите права и правата на жените, укинувањето на мачењето и состојбата со Курдите.

# Пратеник на СПЕ во Комисијата за надворешни работи на ЕП од Велика Британија

www.labour.org.uk

**Велика Британија во ЕУ – позицијата на Лабуристичката партија**

Интересите на Велика Британија се глобални и не се ограничени само на Европа, со оглед на нејзината поранешна лидерска улога во светот и нејзините односи со поранешните колонијални држави. Затоа Велика Британија во минатото честопати водеше дволична или рамнодушна и изолационистичка политика кон ЕУ. Смислата на европската интеграција таа ја гледа, пред сé, во економската сфера, додека на натамошната политичка интеграција, поврзана со предавањето на државниот суверенитет на супранационални ЕУ-институции, гледаше скептично. Иако ЕУ-политиката на Велика Британија во меѓувреме има приоритет, исто толку важен е и тесниот сојуз со САД.

Но, под владата на Тони Блер, Велика Британија во последно време засилено се обиде да биде водечки и сериозен партнер во ЕУ и да се застапува за една мирна и демократска Европа на стабилност и благосостојба. Нејзиниот позитивен ангажман, лабуристичкиот премиер го смета за најдобар пат кон заштита на националните интереси, враќање на изгубеното влијание, обликување перспективна иднина заедно со земјите-членки и добивање на најдоброто за својата земја.

Велика Британија во ЕУ се залага за економски реформи, кои преку пазарна либерализација, приватизација и социјална правда треба да помогнат во создавање можности за нови вработувања и иновации. Велика Британија има интерес и во надградбата на една Заедничка надворешна и безбедносна политика. Сепак, ова треба да се случи на меѓудржавно ниво и да не ги поткопува другите сојузи, пред сé НАТО.

**Лабуристите и следното проширување**

Лабуристичката партија ги смета проширувањата на Европската унија како една голема историска шанса и можност за развој на државите со волја за пристапување како и за членките на ЕУ. Велика Британија се залагаше и за последните, и досега најголеми проширувања, во 2004 и 2007 година, кога беа примени вкупно дванаесет нови земји-членки. Сега ЕУ е најголемиот внатрешен пазар во светот. Со ова се поврзани надежите за економски раст и технолошки напредок во целата ЕУ како и стабилност на политичките и економските реформи во земјите од средна и источна Европа.

И во случај на повторни проширувања Велика Британија пропагира „фер плеј": секоја земја треба да биде оценувана индивидуално и објективно во исполнувањето на критериумите од Копенхаген. Велика Британија се надева, пред сé, за стабилност и благосостојба на Балканот со пристапување во ЕУ, а со тоа и гаранција против немири и војни, со кои се соочуваше овој регион во 90-тите години. Воглавно од стратешки причини Велија Британија е, во принцип, и за пристапување на Турција.

Ако покрај тоа, таа на Украина и Молдавија им дава можност за зачленување во ЕУ, кај сите други земји таа не гледа вистински можности за прием во следните 20 години, бидејќи тие се политички, економски и правно сé уште многу оддалечени од ЕУ-нормите.
Проширувањата на ЕУ за Лабуристичката партија не претставуваат висок приоритет, дотолку повеќе што таа, со својот про-европски став наидува на скепса и

незаинтересираност кај голем дел од населението и во медиумите. Аргументите на британските конзервативци против воведување на еврото и уставот на ЕУ наидуваат на плодна почва во иста мера како и стравувањето дека дополнителните проширувања можат да значат значителни финансиски товари за Велика Британија. Сепак, конзервативните „Тори" на последните европски избори успејаа да добијат поголем број пратенички места во Стразбур од лабуристите со својот „европско-скептицистички" став.

**Тактика:**
Вие сте приврзаник на новите лабуристи и во својата земја долги години се борите за подобар имиџ на Европската унија во Обединетото кралство. Проширувањата на ЕУ ги гледате како голема историска шанса, додека проширениот европски пазар и монетарната зона и за претприемачите од Велика Британија би понудиле подобра можност за пласман и инвестиции.
Истовремено ја гледате опасноста од тоа претприемачите да ги одберат „евтините" држави како производни локации, со што би провоцирале поместување на појдовните социјални услови. Но, токму во една целно насочена интеграција и поддршка на кандидатите за членство Вие гледате единствена можност за да пресретнете еден таков „социјален дампинг".
Истовремено, стравувате дека потенцијалните нови и сиромашни членки на ЕУ би можеле многу бргу да влезат во сојуз со земјите од јужна и источна Европа по прашања на финансирањето на буџетот на товар на големите „плаќачи" (на пример Велика Британија).
Оттаму влегувате во седниците на Парламентот со мешани чувства. Бидејќи Вашиот изборен круг се наоѓа во еден структурно слаб регион, со висока стапка на невработеност, Вие се наоѓате под огромен притисок на Вашите гласачи. Затоа, во Комисијата и во фракцијата презентирајте се како убеден Европеец и заговорник на една проширена Унија. Но, обидете се да го управувате процесот на пристапување така што трошоците и корист да бидат рамномерно распределени и, пред сé, да бидат зачувани Вашите интереси.
Укажете на проблемите на сите земји што имаат волја за пристапување (голема корупција, организиран криминал, трговија со луѓе и проблеми при имплементацијата на реформите). Исто така и далеку раширената сиромаштија претставува обременет проблем и голем број, пред сé, рурални региони се особено структурно слаби и отсечени од развојот.
Според Вас, ова особено важи за Косово и Црна Гора. Кон Хрватска и Македонија имате позитивен став. Ја поддржувате позицијата на Македонија во спорот за името со Грција.
Иако по однос на Турција ги делите многуте сомнежи на другите пратеници (на пример повреди на човековите права како што се мачења како и состојбата со Курдите), укажувате на големото значење на Турција за Европа. Оваа земја, која е долго време членка на НАТО и пример за секуларна демократија во една муслиманска држава, е од големо безбедносно-политичко и геостратешко значење како политички и економски мост меѓу Евро-Азија, Блискиот Исток и Западот. Без конкретна и брза перспектива за пристапување, тамошните реформски напори би можеле да колабираат, а исламистичките сили да стекнат надмоќ. Затоа предложете постепени преговори за пристапување со интензивна поддршка и контрола од страна на ЕУ. На тој начин Турција би имала можност за спроведување на политичките, правните и економските реформи, а истовремено ЕУ би можела да се подготви за ваквото пристапување.
Во принцип, Вие однапред не исклучувате пристапување на ниедна земја од западен Балкан или на Турција. Сепак, предупредувате од избрзани одлуки. Земјите што ќе пристапат мора да докажат дека достигнале едно вистинско ЕУ-ниво.

## ФРАКЦИЈА „АЛИЈАНСА НА ЛИБЕРАЛИ И ДЕМОКРАТИ ЗА ЕВРОПА" (АЛДЕ)

Либералната фракција ги има своите корени во либералната традиција на просветителството и се гледа како политичка сила на економскиот либерализам во Европскиот парламент. Алијансата на либералите и демократите за Европа (Alliance of Liberals and Democrats for Europe) (АЛДЕ) со своите 104 пратеници, во моментот, е третата најсилна фракција во ЕП. Таа отсекогаш била партијата што се застапувала за пазарна економија и благосостојба.

Проширувањето на Европската унија од страна на либералите се поддржува како морална обврска и како политичка неопходност, но истовремено се гледа и како економска неопходност. Така, од сите држави што имаат волја за пристапување тие бараат да се вклучат во процесот на пристапување и да ги исполнат следните критериуми:

- Гарантирање стабилни институции, демократија, правна држава и човекови права;
- Функционирачка пазарна економија и способност да се издржи под притисокот од конкуренцијата во Унијата;
- Способност за преземање на обврските од членството и обврзување кон целите на Унијата.

Институционалните реформи на ЕУ и пазарно определеното и конкурентно земјоделство за АЛДЕ исто така претставуваат предуслов за пристапување на нови држави.

Фракцијата се залага за една заедничка надворешна, безбедносна и одбранбена политика, со која со мерки за зачувување на мирот може да се реагира секаде каде што се повредени човековите права.

За земјите од Балканот, на кои сé уште не може да се гледа како кандидати за пристапување, либералите бараат членство во Европската унија, за на тој начин да се спречи пропаѓањето на овие земји во насилство и хаос. Затоа, фракцијата бара една заедничка стратегија на Унијата за поддршка на регионалната соработка помеѓу државите од југоисточна Европа, за да се прошири стабилноста во нив, да се зајакне демократскиот и пазарно ориентиран развој и долгорочно да се отвори перспектива за пристапување. Притоа таа, меѓу другото, се залага за ефикасна финансиска помош и воспоставување плуралистички медиуми. Процесот на демократски реформи во Турција треба да биде поддржан така што на земјата ќе и биде дадена можност за членство.

Во фракцијата особено се поздравува потпишувањето на спогодбите за стабилизација и асоцијација на Европската унија со Босна и Херцеговина, Албанија, Македонија, Црна Гора и Србија. На овие спогодби се гледа како на уште еден важен чекор на овие држави во насока на зачленување во Европската унија.

**Ваша задача како член на фракцијата**

Замислете си дека сте член на оваа фракција. За следење на Вашите интереси потребна Ви е поддршка од други политички групи и е исклучително важно да Ви биде јасно дека Европската народна партија и фракцијата на Социјал-демократската

партија на Европа играат особено важна улога во ЕП и, во даден случај, можат да ги блокираат Вашите иницијативи, доколку најдат помали коалициски партнери.

Ваша задача е да го пронајдете вистинскиот оптимален пат, бидејќи од една страна мора да барате компромис, а тоа може да доведе до губење на политичкиот профил, а од друга страна држењето на сопствените позиции може да доведе до намалување на влијанието на ЕП, доколку не можете да се договорите со Вашите колеги. На тој начин одлуката на крајот би била ставена во рацете на Комисијата и на Советот на Европската унија.

Во секоја фракција постојат специјални експерти за одредени политички области. Вие припаѓате кон Комисијата за надворешни работи и воглавно работите на прашања за идното обликување на една Европска унија на промени и проширувања. Вие треба да ги разберете и одмерите шансите и ризиците од проширувањето. Ваша задача е, заедно со другите членови на Вашата фракција, да изнајдете заедничка позиција по однос на прашањето за проширување. Понатаму, ќе барате приврзаници во другите фракции, можни коалиции и контроверзно ќе дискутирате за тематиката во Парламентот, за да го убедите политичкиот противник во Вашето политичко сфаќање. Но, запомнете: бескорисно е само да зборувате без да слушате. За ефективно да ја обликувате работата на ЕП, морате да работите на компромис, за да можете успешно да им се спротиставите на предлозите на Советот на Унијата, кои можеби и нема да бидат во линија со ЕП.

## Пратеник на Алијансата на либералите и демократите за Европа (АЛДЕ) во Комисијата за надворешни работи на ЕП од Германија

**ФДП и европската интеграција**

Слободната демократска партија е поборник на европската полиика на обединување, која таа ја смета за модел на успех на една либерална политика. Европското обединување по Втората светска војна помогна во меѓусебното помирување на европските народи, понатаму во завршување на „студената војна" и овозможување на германското обединување. ФДП ги става тежиштата на својата европска политика на индивидуалната слобода, демократијата и правната држава, социјалната пазарна економија и фер трговијата. За да може Европа и понатаму да остане модел за економски успех, партијата се залага за ориентација кон успех, високи образовни стандарди и отворени пазари. ЕУ мора одново да ја освои својата конкурентност во глобалното опкружување. За таа цел потребно е да се заокружи внатрешниот пазар, да се засили слободната конкуренција и да се стават на преден план принципите на пазарна економија. Притоа ФДП тука гледа важна улога за супранационалните институции, доколку некоја област, според принципот на супсидијарност, спаѓа во нивна надлежност. Исто така, и во надворешната политика оваа партија се залага за едно европско решение и се заложува за една заедничка надворешна и безбедносна политика, која ќе заслужи вакво име.

**ФДП и следното проширување**

ФДП активно ги туркаше нанапред веќе „првото и второто" проширување кон исток, а сега се залага и за заокружување на интеграцијата на новите земји-членки, за проширувањето во ниеден случај да не оди на товар на натамошното продлабочување. Но, таа укажува на стрикното почитување на критериумите од Копенхаген, така што пристапувањето може да се случи само по целосно исполнување на овие критериуми. Во тој случај, проширувањето на внатрешниот пазар и натамошното проширување на стабилност и либерални принцпи ќе се сметаат за исклучително позитивни фактори.

Во поглед на Турција, ФДП ги препознава реформските напори на турската влада и сака активно да го поддржи нивното продолжување. Но, бидејќи на Турција и ги поставува истите барања по однос на човековите права, демократијата и економијата и политиката, оваа партија сé уште гледа јасни дефицити, со кои уште повеќе се оддалечува пристапувањето. Ова дотолку повеќе што ниту самата ЕУ ниту нејзината институционална структура во овој момент не се подготвени за пристапување на Турција.

Во поглед на Балканот, а особено на Хрватска, ФДП се залага за отворање среднорочна до долгорочна европска перспектива како предуслов за траен мир и стабилизација на југоисточна Европа. Сепак, реализацијата на оваа перспектива зависи од реформските напори на односните земји, кои на тој начин во одредена мера и самите го определуваат темпото. Конечно, индивидуалното пристапување зависи од исполнувањето на наведените критериуми, кои во моментот, од перспектива на ФДП, се сé уште далеку недостижни.

ФДП се чувствува особено поврзана со државата Босна и Херцеговина, бидејќи Високиот претставник на меѓународната заедница во Босна и Херцеговина и специјален претставник на ЕУ, Христијан Шварц-Шилинг, кој постигна многу во поглед на создавањето перспективен мир и постепен економски подем, е член на оваа партија.

Освен тоа, ФДП бара да се даде позитивен знак на Србија. Многу се поздравува овозможувањето на апсењето на водачот на босанските Срби, Радован Караџиќ. Тој се суди за геноцид, злосторства против човештвото, повреда на военото право и тешки повреди на Женевската конвенција. Апсењето на Караџиќ претставува огромен чекор за Србија. На тој начин, новата влада на Србија покажа храброст и одлучност. Нејзиното изјаснување за Европа се зема мошне сериозно.

Во принцип, партијата се залага за една опширна и кохерентна политика на соседство. Таа сака да му се противстави на впечатокот за „тврдината Европа" и да го прошири мирот, безбедноста и стабилноста во соседството на проширената Унија преку создавање простор на заеднички вредности врз основа на слободна трговија, економска интеграција и културни односи.

**Тактика:**

Во принцип, отворено сте поставени кон проширување на ЕУ, при што упатувате на почитување на определени начела, пред сé стриктното оценување на кандидатите за членство според критериумите од Копенхаген, особено слободната пазарна економија и правната држава.
Како заговорник на првата рунда на проширување кон Исток, Вам најпрво Ви е важно да биде брзо завршена интеграцијата на новите земји-членки, а новите рунди на проширување да не одат на трошок на продолжувањето на европската интеграција.
По однос на Турција се обидувате да спречите именување конкретна опција за пристапување и упатувате на, и понатаму постоечките, дефицити во земјата во поглед на човековите права, правата на малцинствата и правната држава. Вие се залагате за интензивирање на дијалогот помеѓу ЕУ и Турција, за втората да ја поддржување при нејзината модернизација и натамошното приближување кон ЕУ. Сепак нагласувате, дека ваквиот процес се наоѓа сé уште на почеток, па оттаму во овој момент не може да се зборува за пристапување. Како друг аргумент, наведете го недоволното институционално и содржинско подготвување на ЕУ по однос на приемот на Турција. Како идна опција можете во разговор да ја внесете можноста за референдум за пристапување на Турција кон ЕУ. За Вашата позиција по однос на Турција потребно е да барате коалициски партнери, особено во рамките на ЕНП, за да постигнете мнозинство во Парламентот.
Во поглед на Балканот, а особено на Хрватска, не ја затворате можноста од среднорочна до долгорочна перспектива за пристапување, бидејќи во тоа гледате средство за политичка и социјална стабилизација на овие земји и на цела Европа. Но, и тука инсистирате на стриктно почитување на критериумите за пристапување и на единечна контрола на односните кандидати и одбивате избразан прием само од чисти политички причини. Наместо тоа, најпрво го форсирате проширувањето на постојните концепти за соседство како понуда за стабилност и заедничка соработка меѓу ЕУ и регионот, кои конечно можат да се слеат во пристапување во ЕУ. Обидете се да ја популаризирате оваа позиција кај другите фракции и пратеници.
Како што е веќе јасно, чувствувате јасна обврска за Република Македонија и Србија, за да овозможите брзо приближување кон, па дури и можно пристапување во ЕУ.

## Пратеник на Алијансата на либералите и демократите за Европа (АЛДЕ) во Комисијата за надворешни работи во ЕП од Холандија

### Холандија во ЕУ – позицијата на ВВД (VVD)

Холандија спаѓа во шесте членки-основачи на Европската заедница и отсекогаш водела политика отворена кон интеграцијата. Поради својата географска местоположба и големина, Холандија негува интензивна соработка со земјите-соседи, а со тоа има и голем интерес во постоењето на еден функционален внатрешен пазар, бидејќи 75 проценти од извозните производи се извезуваат на овој пазар.

Извесен степен на засилена соработка на неколку земји-членки во Европската унија е неизбежен за Холандија. Една издиференцирана интеграција, пак, мора да биде компатибилна со зацртаните цели од Договорот за ЕУ. Секоја земја-членка мора да ја има слободата да се приклучи тогаш кога таа ќе може да ги исполни барањата за побрза интеграција. Една нивелирана соработка не смее да го загрози правниот поредок на Заедницата ниту да повлијае негативно врз кохезијата на внатрешниот пазар.

Либералната Народна партија за слобода и демократија (Volkspartij voor Vrijheid en Demokratie) (ВВД) е третата најсилна партија во Холандија со 18 проценти од гласовите на гласачкото тело и особено во 80-тите години беше честопати во владата. Во многу точки ВВД се потпира на горенаведената европска политика на земјата. Сепак, таа во европската политика подрастично ги бара реформите во земјоделството и ориентацијата кон пазарот и конкуренцијата. Таа силно се залага за една Европа на региони и дерегулација. Централата во Брисел треба да одлучува само за она што не може да биде одлучено на национално или регионално ниво, на пример за заедничката надворешна и безбедносна политика.

### Холандија и следната рунда на проширување – позицијата на ВВД

Холандија јасно се изјаснува за интеграцијата на нови кандидати за членство, а проширувањето за неа претставува раширување на европската идеа и безбедноста. Освен тоа, оваа земја од едно ново проширување се надева на зајакнување на трговските односи кон младите држави од источна Европа. Сепак, потребно е да се обезбеди проширувањето да не води кон поделба на Европа. Освен тоа, раширувањето не смее да води до губење на ефикасноста и способноста за одлучување во ЕУ. Актуелните ЕУ-политики (на пример заштитата на животната средина, внатрешниот пазар) не смеат да бидат разводнети.

Политиката на проширување на ВВД се заснова на следните точки:

- кон земјите од средна и источна Европа треба да се имплементира политика со која може да се постигне стабилна безбедност, поволен социјален и економски развој и демократска стабилност;
- притоа внатрешниот пазар и заедничкиот правен поредок во Европската унија мора да бидат одржани. Европската унија мора да биде реформирана, за да може ефективно да дејствува и со повеќе членки;

- сите наведени аспекти мора да можат да бидат реализирани со подносливи трошоци.

Партијата ја нагласува неопходноста од стриктна примена на критериумите од Копенхаген и индивидуалното испитување на нивното почитување во одделните земји-кандидати, особено во поглед на функционирањето на слободната пазарна економија и правната држава.

Сепак ВВД, исто како и сите партии, мора да го земе предвид европскиот скептицизам на холандскиот народ, кој во последно време е јасно зголемен, а кој се поврзува со бројни стравувања во поглед на проширувањето. Кај Холанѓаните се зголемува стравот дека потонуваат во сé поголемата ЕУ и дека губат на влијание. Притоа улога игра и стравот од масивни имиграциски приливи и од „претерано оттуѓување" на општеството. Имајќи ја предвид оваа мешавина на различна загриженост, Холанѓаните во јуни 2005 година преку референдум со мнозинство го одбија и Европскиот устав.

Холандските либерали јасно се залагаат за правото на самоопределување на народите и ја поздравуваат независноста на Косово, а бараат и на Македонија да и се даде правото, самата да може се определи за своето име.

**Тактика:**

Вие сте за проширување, бидејќи според Вас тоа среднорочно и долгорочно носи предности како за земјите-членки, така и за кандидатите за членство, а освен тоа на тој начин ќе се рашири европскиот модел на стабилност и мир. Како предуслов Вие ги гледате завршените реформи на европските институции, заедничката аграрна политика и структурните програми.
И кога пристапувањето би се случило наскоро, Вие се изјаснувате за неколку „сигурносни мерки". На тој начин ја подвлекувате смислата на постапната интеграција и воспоставувањето на една слободна трговска зона за следните десет години. Вие сметате дека во овој момент може да биде примена само Хрватска. Иако на преговорите државите на почеток мора да бидат подеднакво третирани, пристапувањата мора да се случај во различни времиња и услови. Истрајно се изјаснувате за стриктна примена на критериумите од Копенхаген при контролата на барањата за пристапување.
Според Вас, земјите мораат да го преземат acquis, тоа значи ним мора да им биде даден долг преоден период. Покрај тоа, и по прашања на имиграцијата ним мора да им бидат утврдени долги преодни рокови. Затоа се залагате за одредени ограничувања во доменот на слободното движење, за да се спречи можното масовно имигрирање на самиот почеток, сé додека не се намалат миграциските тенденции. На самиот почеток контролите на границите кон новите земји-членки мора да бидат задржани.
Дури откако ќе се осигура дека нема да дојде до претерани миграциски струења и дека во новите земји-членки функционираат механизмите за борба против организираниот криминал и илегалната имиграција, овие контроли можат да бидат отстранети. Исто така, со ваквите мерки сакате да ги смирите и Вашите критички сограѓани и да ги придобиете за ново проширување.

## ФРАКЦИЈА „УНИЈА ЗА ЕДНА ЕВРОПА НА НАЦИИТЕ"

Фракцијата „Унија за една Европа на нациите" се смета за демократска, либерална и, повеќе традиционална, партија на средината. По последните европски избори во 2004 година таа претставува една од помалите фракции во ЕП, но успеа да се задржи своето влијание со 44 пратеници. 20 од овие пратеници потекнуваат од Полска. Фракцијата се смета за поборник за една Европа што е појако насочена кон регионите и јасно се залага за солидарност со областите, кои не располагаат со суровини како и за руралните и периферните области. Таа ги смета заедничката аграрна политика и структурните и кохезиските фондови како најголеми придобивки на ЕУ.

Под мотото „Не – за Обединети држави на Европа: Да – за Европа на обединети држави" истовремено треба да се сочува и позицијата на одделните држави во Европската унија и нивниот суверенитет и различност. Културите и јазиците треба да се заштитуваат. Голем дел од политичката моќ мора да остане во земјите-членки, а ЕУ треба, по можност, да не се меша.

Фракцијата си посакува една Европа, која воглавно одговара на економски и технички прашања во поглед на големите предизвици на глобализацијата. Програмски гледано, фракцијата ја нагласува надградбата на внатрешната безбедност преку заострување на кривични закони во земјите-членки (па сé до барања за повторно воведување на смртната казна, но ова барање не е компатибилно со важечкото право на ЕУ!). Исто така, и порестриктивната политика кон хомосексуалците и лезбејките што се бара од фракцијата, мошне јасно се одбива од мнозинството во Европскиот парламент.

Со оглед на постојано повторувачките кризи на Балканот, фракцијата бара јасна заедничка надворешна и безбедносна политика на земјите-членки на ЕУ, која има потребни средства и на која на располагање и стојат инструменти за решавање на кризи, како и за од Европа да се направи актер, кој ќе биде сериозно сфатен на глобално ниво. Во внатрешната и правната политика оваа фракција го одбива единството и „позаедничувањето" и тука се залага за национална различност.

УЕН се изјаснува за визијата на поранешниот француски претседател Де Гол за една „обединета Европа од Урал до Кавказ". Но, конкретното проширување на ЕУ всушност не е тема за нив, иако неодредено ја сметаат Унијата отворена за земји, кои целосно можат да одговорат на економските услови во Унијата.

**Ваша задача како член на фракцијата**

Замислете си дека сте член на оваа фракција.

Заради следење на Вашите интереси потребна Ви е поддршка од други политички групи и треба да имате предвид дека особено Европската народна партија и фракцијата на Социјал-демократската партија на Европа играат важна улога во ЕП и Вашите иницијативи во даден случај можат и да блокираат, така што ќе најдете помали „коалициски партнери".

Така, Ваша задача е да го најдете вистинскиот оптимален пат, бидејќи од една страна мора да барате компромис, а тоа може да доведе до губење на политичкиот

профил, а од друга страна држењето на своите позиции може да доведе до намалување на влијанието на ЕП, доколку не можете да се договорите со Вашите колеги. На тој начин одлуката на крајот би била ставена во рацете на Комисијата и на Советот на Европската унија.

Во секоја фракција постојат специјални експерти за одредени политички области. Вие припаѓате кон Комисијата за надворешни работи и воглавно работите на прашања за идното обликување на една Европска унија на промени и проширувања. Вие треба да ги разберете и одмерите шансите и ризиците од проширувањето. Ваша задача е, со другите членови на Вашата фракција да изнајдете една заедничка позиција по однос на прашањето за проширување. Понатаму, ќе барате приврзаници во другите фракции, можни коалиции и контроверзно ќе дискутирате за тематиката во Парламентот, за да го убедите политичкиот противник за Вашето политичко сфаќање. Но, запомнете: бескорисно е само да зборувате без да слушате. За ефективно да ја обликувате работата на ЕП, морате да работите на компромис, за да можете успешно да им се спротиставите на предлозите на Советот на Унијата, кои можеби и нема да бидат во линија со ЕП.

**Пратеник на Унијата за една Европа на нациите во Комисијата за надворешни работи во ЕП од Летонија**

**Европската интеграција и проширувањето на Исток – позицијата на ТБ/ЛННК**

Десничарско-конзервативниот сојуз, Алијанса за татковината и слободата (Tevzemei un Brivibai Latvijas Nacionalas Neatkarîbas Kustîba [ТБ/ЛННК]), со безмалку 30 проценти успеа да го собере најголемиот број гласови на последните европски избори. Од оваа изборна коалиција се испраќаат четири од деветте летонски пратеници во Европскиот парламент. И во националната внатрешна политика оваа партиска коалиција претставува голема политичка сила.

Внатрешно-политички оваа алијанса континуирано се појавуваше со непријателски иницијативи кон големите руски и полски малцинства. Така, со референдумот „За летонска Летонија", оваа партија се стремеше кон спречување на барањата за права на малцинства за Русите, Украинците и Полјаците.

Оваа партија се карактеризира со мошне врежан скептицизам кон Европа и ги става националистичките интереси пред сите европски прашања. Затоа, оваа партија се залага за задржување на суверените права во областа на надворешната и безбедносната политика. Продлабочена соработка на европско ниво не се посакува.

Во обласа на политиката на азил и политиката за бегалци, партијата бара поставување високи пречки за примање на баратели на азил. Така овој партиски сојуз поддржува предлози за воспоставување логори за примање бегалци во Украина. Ваквите иницијативи треба да бидат поврзани со едно мошне строго право на азил, за да се намали големиот број баратели на азил и таканаречени илегални бегалци.

Во безбедносната и одбранбената политика овој партиски сојуз се изјаснува против создавањето конкурентни структури на НАТО, бидејќи тие би можеле да го ослабат овој одбранбен сојуз. Европските воени структури мораат да бидат создадени во самото НАТО.

Во поглед на едно повторно проширување на ЕУ, оваа партија гледа проблеми во пристапувањето на Турција. Ваквиот прием не требало да се одобрува од културни причини како и со оглед на неспособноста за дејствување на ЕУ, која се заканува.

**Тактика:**

Како претставник на ТБ/ЛННК Вие се наоѓате во фракцијата на Унијата за една Европа на нации. Вам Ви е потребна поддршка од други политички групи, за да можете да ги внесете Вашите позиции како позиции на Парламентот. Затоа обидете се да ја стекнете поддршката на силно застапената Европска народна партија за Вашите интереси.
Кај дискутираните теми во Комисијата постојано нагласувајте ја волјата за независност и Вашата ненаклонетост кон преголема политичка моќ во институциите на ЕУ. По однос на оваа тема барајте поддршка кај други, особено кај англиските претставници на конзервативните партии. Би можеле да добиете позитивна реакција и од конзервативните пратеници на другите балтички земји.

Мошне отворено се изјаснувате против пристапувањето на Турција во ЕУ, бидејќи според Ваше убедување ЕУ е веќе доволно голема и пристапувањето на Турција би ја минирала способноста за дејствување на ЕУ. Освен тоа, со можното пристапување на Турција, приоритетите би можеле да се преместат во полза на регионот на југоисточна Европа.
Не сакате да ги спречувате желбите за пристапување на земјите од Балканот (вклучувајќи ја и Хрватска) и на други можни кандидати од овој регион, со оглед на заедничкото искуство од комунистичкото владеење. Сепак, Вие не настапувате како поборник за овие држави.
За Вас, во прв ред се наоѓаат безбедносните аспекти, кои можаат да бидат загарантирани со зачленувањето во ЕУ. Јасно одбивате секакво натамошно политичко и институционално продлабочување на Европската унија. Исто така, не би можеле да се согласите на реформски договор за ЕУ, кој предвидува натамошна интеграција кон внатре.

# ФРАКЦИЈАТА „ЗЕЛЕНИ“ ВО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Фракцијата „Зелени“ се смета за еколошка сила во Европскиот парламент. Партијата, исто како и нејзината избирачка база, е мошне млада и во Парламентот отсекогаш била малцинство. Како единствено семејство на европски партии, „Зелените“ настапија на изборите за Европскиот парламент во 2004 со единствена изборна програма што важеше за сите земји-членки. На тие избори „зелените“ покажаа подобри резултати, така што сега имаат 40 пратеници. На тој начин тие се четвртата најголема сила во Европскиот парламент.

Во зелените партии во Европа постојат различни гледишта и концепти за Европската интеграција. Тие се разликуваат, пред сé, во размерот на пренесувањето на националниот суверенитет на Заедницата.

Но, европските „зелени“ се единствени во тоа дека сакаат да го јакнат економското и социјалното единство на регионите во Европа, да продолжат да го развиваат европскиот социјален модел и обврзувачки да пропишат одржливо и трајно стопанисување, особено во сферата на аграрот.

„Зелените“ се на мислење дека Европската унија премногу еднострано го става тежиштето на својата активност на економски интереси. Истовремено, според нив недостасува еден доволен демократски темел на институциите и политиките на Европската унија. Лајтмотив на Европската унија треба сé повеќе да бидат човековите права и демократијата. Затоа „зелените“ при реформската дебата во рамките на ЕУ се изјаснија за јасно јакнење на можностите за соработка на Европскиот парламент.

Уште многу рано, пред крајот на конфликтот Исток-Запад, „зелените“ воспоставија контакти со соодветните групи во новосоздадените демократии на државите во средна и источна Европа. Фракцијата се стреми кон политичка интеграција на цела Европа и надградување на Заедницата во политичка унија. Наспроти предупредувачките гласови, кои го напаѓаат премногу брзото проширување и, пред сé, неговите еколошки последици, европските „зелени“ се залагаат за едно одржливо, но брзо проширување.

Според нивно мислење, ЕУ треба да биде отворена кон сите европски држави, во кои мнозинството од гласачите посакуваат пристапување, за да не се повлекуваат нови граници во Европа, кои би можеле да го оневозможат трајниот мир. Секое барање за пристапување треба да биде подеднакво третирано, без да се обрнува внимание на големината, стратешкото значење или економската состојба на земјата. Единствени предуслови би требало да бидат демократските структури, почитувањето на социјалните и културните права, особено правата на малцинствата, како и желбата на граѓаните.

Со цел за избегнување шок-ефекти врз локалната економска состојба, по желба можат да бидат дадени ограничени преодни рокови заради еднострана заштита на пазарите на земјите-кандидати. Унијата треба обемно да ги поддржува земјите што пристапуваат и најмалку да ја удвои претпристапната помош. Овие средства, во прв ред, треба да бидат употребени за подигање на социјалните и еколошките стандарди во земјите-кандидати и трезвено интегрирање на земјите во внатрешниот пазар.

Подобрувањето на социјалните и еколошки стандарди е едно од главните барања на „зелените" во преговорите за пристапување со кандидатите.

„Зелените" се обидоа за претстојните предизвици да развијат опции за дејствување:

Проширувањето треба да се набљудува како најефективна политика за заштита од конфликти што е некогаш развиена и реализирана од ЕУ. Да може да се управува и влијае врз преодниот процес од диктатура во демократија и од државно стопанство во пазарна економија во соседните средно-европски и источно-европски земји – тоа претставува еден голем историски предизвик, на што треба да се гледа како резултат со исклучителен успех за ЕУ.

Земјите од западен Балкан се значаен дел од европското семејство, оттаму нивното пристапување во ЕУ би било природно заокружување на таквото обединување.

За сите земји од средна и источна Европа перспективата на членство во ЕУ претставува мотив за спроведување опсежни реформи, кои без таа перспектива не би биле воведени. Како за старите, така и за новите земји-членки проширувањето има претежно позитивно влијание. Но, моменталната состојба во 27 земји-членки не е задоволителна, особено што се однесува до економските и социјалните стандарди за големи групи во средна и источна Европа.

Проширувањето на Европската унија придонесе за јакнење на улогата на Европа во светот, но истовремено покажа и слабости, дефицити и несоодветност во постојните договори, кои ја спречуваат ЕУ да стане ефективно активна на глобално ниво и да дејствува. Новите проширувања ќе бидат од полза за глобалното јакнење на надворешно-политичкиот пристап на Европската унија само ако се преземат длабински реформи, чие тежиште, пред сé, мора да се наоѓа во заштитата од конфликти.

За „зелените", копенхашките критериуми, поставени во 1993 година, ги претставуваат одлучувачките мерила за зрелоста за пристапување во ЕУ. За овие критериуми не се преговара. Оваа обврска за исполнување на сите политички критериуми за пристапување не завршува со пристапување. Затоа е потребно да се воведе еден механизам, со кој редовно ќе се проверува почитувањето на темелните принципи на ЕУ: слобода, демократија, човекови права, основни слободи и правна држава (чл. 6 од Договорот за ЕУ) подеднакво од страна на сите земји-членки, нови и стари.

Европскиот парламент игра значајна улога при контролата на почитувањето на критериумите за пристапување од страна на земјите што пристапуваат.

ЕУ со право се држи до своите обврски кон Хрватска и Турција. Започнувањето на преговорите за пристапување со овие две земји би било поздравено. И покрај ваквата јасна согласност, „зелените" постојано ставаа јасно до знаење каде, според нивно мислење, се наоѓаат недостатоците во реформите кај овие земји. „Зелените" и понатаму сакаат да спаѓаат во поверливи, но и критички заговорници на пристапувањето на овие две земји. Процесот на преговори за пристапување во својата суштина е со отворен резултат, но и покрај тоа целта е една и единствена – членството.

Европската перспектива за западниот Балкан мора да биде одржувана, бидејќи стабилизацијата и мирот на Балканот за ЕУ во следните години мора и понатаму да

имаат апсолутен приоритет. Нивото на регионална соработка меѓу земјите од западен Балкан претставува одлучувачко упатство во поглед на нивната зрелост за членство во ЕУ, но на крајот секоја земја мора да биде вреднувана врз основа на постигнатата состојба и да издејствува пристапување според индивидуален временски план.

За актуелната Унија и како претпоставка за идните очекувања потребни се длабински реформи. Тие во секој случај мора да ги содржат централните придобивки од нацрт-уставот и правното обврзување кон декларацијата за темелни права.

Без да ги утврдуваат конечните граници за Европската унија, „зелените‟ признаваат, дека способноста за интеграција на Унијата во следната деценија ќе се соочи со своите граници при преговорите за можно пристапување на Турција и земјите од западен Балкан. Интеграцијата на други земји ќе претставува еден голем предизвик за ЕУ. Затоа Заедницата не би требало на ниедна држава да и понуди изглед за пристапување, додека не се оценат последиците од актуелните преговори.

**Ваша задача како член на фракцијата**

Замислете си дека сте член на оваа фракција. Потребна Ви е поддршка од други политички групи, за да можете своите позиции да ги внесете како позиции на Парламентот во процесот на проширување. Исклучително важно за Вас е да Ви биде јасно дека особено Европската народна партија има силна улога во ЕП и, во даден случај, може да ги блокира Вашите иницијативи така што ќе најде коалициски партнери. Ваша задача е да го пронајдете вистинскиот оптимален пат, бидејќи од една страна мора да барате компромис, а тоа може да доведе до губење на политичкиот профил, а од друга страна држењето на сопствените позиции може да доведе до намалување на влијанието на ЕП, доколку не можете да се договорите со Вашите колеги. На тој начин одлуката на крајот би била ставена во рацете на Комисијата и на Советот на Европската унија.

Во секоја фракција постојат специјални експерти за одредени политички области. Вие припаѓате кон Комисијата за надворешни работи и воглавно работите на прашања за идното обликување на една Европска унија на промени и проширувања. Вие треба критички да ги расветлите шансите и ризиците од скорешно второ проширување на ЕУ со држави од југоисточна Европа.

Ваша задача е, заедно со другите членови на фракцијата да изнајдете заедничка позиција по однос на прашањето на проширување. Понатаму, ќе барате приврзаници во другите фракции, можни коалиции и контроверзно ќе дискутирате за тематиката во Парламентот, за да го убедите политичкиот противник во Вашето политичко сфаќање. Но, внимавајте: бескорисно е само да зборувате без да слушате. За ефективно да ја обликувате работата на ЕП, морате да работите на компромис, за да можете успешно да им се спротиставите на предлозите на Советот на Унијата, кои можеби и нема да бидат во линија со ЕП.

# Пратеник на „Зелените“ во Комисијата за надворешни работи на ЕП од Австрија

www.gruene.at

**Австрија и ЕУ – позицијата на Партијата на „зелените“**

Врз основа на законот за неутралност од 1955 година, Австрија долго време имаше скептичен однос кон пристапувањето во ЕУ. По преобраќањето на политичкиот курс, во 1995 година сепак дојде до пристапување на Австрија во ЕУ, што беше поддржано од мнозинството австриско население. Уште од почетокот на своето зачленување Австрија сигнализираше дека сака да припаѓа во тесното јадро на Европската унија. Така, на пример, таа ја потпиша шенгенската спогодба, во која е регулирано постепеното намалување на контролите на лица во внатрешните граници на одделните земји-потписнички. И покрај својата надворешно-политичка неутралност од Втората светска војна па наваму, Австрија соработува и во заедничката надворешна и безбедносна политика (ГАСП) на ЕУ.

„Зелената“ партија на Австрија долго време го одбиваше пристапувањето во ЕУ, бидејќи сметаше дека неутралноста на Австрија е поважна од членството во ЕУ. Од пред извесно време ваквата позиција се промени и партијата на „Зелените“ јасно се залага за една европска политика во ЕУ. Во Европскиот парламент „Зелените“ имаат 40 пратенички мета, а австриските „Зелени“ се застапени со две места.

**„Зелените“ и проширувањето**

„Зелените“ гледаат на проширувањето на ЕУ како можност за надминување на делбата на Европа, за надминување на национализмот и поделбата на богата и сиромашна Европа, доколку тоа се изврши со целосно почитување на демократијата, човековите права и основните социјални права. Проширувањето не смее да биде злоупотребено за националистичка полемика! Проширувањето може да успее, ако претставува социјален проект и стои на еколошки темели.

Освен тоа, „Зелените“ бараат една целосна стратегија за приближување на југоистокот од Европа кон ЕУ, која на сите држави им гарантира подеднаков и јасен пристап до средствата за поддршка од ЕУ, независно дали тие имаат статус на кандидат или не. Понатаму се бара визно ослободување за сите жители на западен Балкан – во 80-тите години на луѓето од Југославија не им беше потребна дозвола за влез.

Бидејќи проширувањето на исток е поддржано од „Зелените“, тие се со позитивен став и кон планираното проширување со Хрватска. Со оглед на својата географска положба, Австрија негува тесни врски со оваа како и со други земји од средна и источна Европа. Проширувањето за Партијата на „зелените“′ претставува една историска можност за надминување на поделбата на Европа, па оттаму партијата активно се ангажира за брзо пристапување на кандидатите за членство во ЕУ и против цврсти преодни рокови.

„Зелените“ во Националниот совет гласаа за испраќања австриски сили за ЕУЛЕКС (Косово). Што се однесува до признавањето на независноста на Косово, тие не сакаа да брзаат. Австрија не треба да биде предводник и пред да донесе конечно решение потребно е да ја одмери стабилноста во Косово и соседните региони, меѓународно-

правната основа и заштитата на малцинствата. „Зелените‟ беа единствена партија во Националниот совет, која на 16/17 декември 2004 година, пред Европскиот совет јасно се изјасни за преговори со Турција. Тие и понатаму го застапуваат овој став, набљудувајќи ја притоа прецизно состојбата во Турција.

Според мислењето на „Зелените‟, единството на Европа не се заснова на критериуми како што се религија и етничко потекло, туку единствено и само на демократија и почитување на човековите права. Од таа причина тие ги сметаат целосното спроведување на човековите права и демократијата за неизбежни предуслови за пристапување во ЕУ.

Цел на „Зелените‟ е ЕУ да стане социјална, еколошка и демократска заедница на држави, која може да ја одигра својата улога во меѓународните односи.

**Тактика:**

Вие припаѓате на група на заговорници за проширувањето на ЕУ. Пристапувањето на Хрватска за Вас се подразбира, бидејќи Вашата земја веќе долго време негува добри односи со оваа земја, особено во економски поглед. Исто така, засилено се залагате за Македонија.
Истовремено, се залагате за една голема Европа, која значително оди вон границите на сегашната ЕУ. Затоа пледирате за пристапување на Турција, бидејќи сметате дека ЕУ не се заснова на критериуми од типот религија, јазик или заедничка етничка и културна позадина, туку на демократија и човекови права. Почитувањето на човековите права и демократијата за Вас се централните вредности и предуслови за пристапување. Земјите-кандидати, пред сé Турција, мора да ги исполнуваат овие услови за да се согласите со проширување на ЕУ, што Вие принципиелно го поддржувате.
Други цели за Вас се демократизацијата на ЕУ и политиката на животна средина. Затоа барате една структурна и реформска политика, која е насочена кон одржливоста. Дајте му особена вредност на фактот дека кандидатите за пристапување мора да ги подобрат своите нуклеарни централи. Дополнително, воспоставете контактен центар за да можете да ги потенцирате интересите на земјите-пристапнички во Европскиот парламент.
Во текот на преговорите, на кандидатите за пристапување потребно е да им биде дадена обемна помош, пред сé на полето на заштитата на природата (клучен збор: нуклеарна безбедност).
Како „контрауслуга‟, пак, очекувате јасно почитување на човековите права и обезбедување на заштита на малцинствата во земјите што искажуваат волја за пристапување. Воспоставете контакт и со други партии со позитивен став кон проширувањето и обидете се да развиете заеднички позиции и стратегии.

**Пратеник на „Зелените“ во Комисијата за надворешни работи на ЕП од Белгија**

www.ecolo.be

**Европска интеграција и проширување кон исток – позицијата на Екологистес**

Во партискиот пејсаж на Белгија не постојат национални партии, бидејќи односните „семејства на партии“ се самостојно организирани во трите региони на Белгија (Фландрија, Валонија и Брисел) и за одделни политички теми застапуваат донекаде различни позиции. Секое „семејство на партии“ има една партија во фламанскиот и валонскиот дел од земјата, додека во главниот град Брисел се застапени сите партии.

Во последните години Белгија доживеа интензивно соочување по однос на идното обликување на Европската унија. Од изборите за белгискиот и европкиот парламент, приврзаниците на радикалната група (Флаамс Блок), кои се изјаснуваат за јакнење на регионите и ги доведуваат во прашање досегашните успеси на процесот на европското обединување, излегоа засилени со повеќе од десет проценти од гласовите на гласачите. Освен оваа радикална група во Фландрија и нивниот помалку значаен пандан во Валонија (Фронт Национал), другите белгиски партии се приврзаници на процесот на европско обединување.

И ЕЦОЛО, „зелената“ партија во францускиот јазичен дел на Белгија, во принцип се застапува за процесот на европско обединување и особено се залага за јакнење социјални и еколошки принципи и проекти. Европа треба да стане водечка сила во областа на заштитата на животната средина и при спроведувањето на социјалната правда. Притоа партијата особено го нагласува принципот на еколошка, социјална и економска одржливост и бара една долгорочно насочена европска политика. Кон главните интереси на „зелените“ спаѓаат и можноста за подеднакви шанси за сите групи на население и интеграцијата на малцинствата во општеството.

ЕЦОЛО е основана во март 1980 година и беше една од првите „зелени“ партии, кои во 1981 година влегоа во националниот парламент. На изборите во 1981 година ЕЦОЛО доби пет проценти од гласовите, што одговараше на пет пратенички места, од кои две во Претставничкиот дом и три во Сенатот. Од парламентарните избори во 2003 година ЕЦОЛО не е повеќе вклучена во белгиската влада.

ЕЦОЛО во Европскиот парламент испраќа еден пратеник, додека фламанската сестринска партија Гроен (поранешна Агалев) е исто така застапена со едно пратеничко место. Белгија има вкупно 24 пратенички места во Европскиот парламент.

Екологистес јасно го поддржуваат досегашните реформски чекори во Турција и се заземаат за започнување на преговорите за пристапување. Турција треба да биде оценувана според истите критериуми за пристапување како и сите други кандидати. Сепак, ЕЦОЛО бара од турската влада целосно исполнување на Копенхашките критериуми, особено на полето на човековите права и заштитата на малцинствата.

ЕЦОЛО, исто како и „зелените“ партии на европско ниво, се изјаснуваат за интеграција на балканските земји во Европската унија, доколку тие ги почитуваат критериумите, кои важеа односно важат и за сите други поранешни и идни земји-

кандидати (особено исполнувањето по однос на човековите права и правната држава). По однос на можноста за проширување на европскиот проект и на други држави, ЕЦОЛО смета дека е потребно да се води јавна европска дебата за границите на ЕУ и видот на тој проект.

Сосем општо, според мислењето на Екологистес, националните влади мора сериозно да ја сфатат својата одговорност во поглед на актуелните и идните проширувања: мора да се почитува едно консеквентно, особено финансиско и солидарно, придружување за да се постигне подобра интеграција на новите и идните членки и да се спречи нерамнотежа во самата Европска унија. Во тој контекст сметате дека е бесмислена актуелната тенденција за намалување на придонесот на националните влади. Затоа сметате дека еден зголемен европски буџет, „нахранет" со сопствени средства, е неизбежен за доброто функционирање на ЕУ и за реализацијата на Вашите цели.

**Тактика:**

Вие, како пратеник на ЕЦОЛО во ЕП, и покрај значителната поддршка за програмата на фракцијата на европските „Зелени" во поглед на проширувањето, имате сомнежи кон премногу брзиот прием на нови членки, бидејќи со тоа неизбежно би се намалила состојбата со интеграцијата во Заедницата на, во меѓувреме, 27 членки.
Истовремено потсетувате, дека и на белгискиот народ му е потребно време, за да го поддржува проширувањето како неопходно и да увиди долгорочни предности во него. Преизбрзано дејствување би можело да ги зајакне десничарските групи, и тоа не само во Белгија.
Вие претпочитате великодушна поддршка со политички, економски, социјални и еколошки реформи, кои можат да доведат до постапно прифаќање на *acquis* на ЕУ од страна на кандидатите за пристапување.
Прашањето за способноста за институционално дејствување на ЕУ како и односните реформи се од значење и за вас. Тука барате надградба на социјалните и еколошките принципи на ЕУ.
Конечно, укажувате на тоа, дека за проширувањето на ЕУ, особено со Турција, се потребни големи финансиски напори од сите земји-членки. Во никој случај не може да се случи проширување без обезбедено финансирање.

## Пратеник на „Зелените“ во Комисијата за надворешни работи на ЕП од Франција

### Франција и европската интеграција – позицијата на „Ле верт“

Франција спаѓа во коосновачите на европската интеграција, при што надминувањето на долгогодишното непријателство со соседот Германија и градењето однос на доверба меѓу двете земји секогаш спаѓало во движечките сили на процесот на европско обединување. Од основањето на Европската заедница за јаглен и челик во 1951 година до денес речиси сите одлучувачки чекори во интеграцијата се сведуваат на договор на германско-францускиот „мотор“.

Француските „зелени“, Ле Верт, основани во 1984 година, исто така се заземаат за европско обединување и сакаат истото да го продолжат. Но, притоа партијата сака да стави одредени акценти, кои не се ориентираат само на економски, туку и на еколошки, социјални и демократски критериуми.

Ле Верт се свртува против еден претеран економски либерализам и се залага за една Европа со одржлив еколошки развој. Тие се изјаснуваат за устав со основни демократски елементи, каде граѓаните имаат повеќе права за соодлучување, како и за создавање на еден бикамералистички систем со Европски парламент и еден сенат на нации и региони.

Следствено важни теми за партијата се политичките полиња: животна средина, социјални работи, заштита на потрошувачите и развој. За да се создаде мирна, отворена и заедничка Европа, партијата на Ле Верт, наместо формирањето на една европска супер-сила со нуклеарно оружје, се залага за зголемен демократски и еколошки развој во Унијата и во нејзините земји-соседи.

Во Европскиот парламент Ле Верт располага со шест од 78 француски пратенички места.

### Ле Верт и проширувањето

Ле Верт е позитивно настроена кон ново проширување на ЕУ. Партијата е на мислење, дека согласноста за процесот на проширување би требало да има и материјални последици, па затоа бара од француската влада како и од ЕУ дополнителна логистичка поддршка за кандидатите за пристапување, на пример преку обуки на службениците во земјите-кандидати за европската политика.

Во посебниот случај на Турција, Франција долго го поддржуваше започнувањето на преговорите за пристапување, иако конзервативната влада на претседателот Саркози во моментот реагира поповлечено по ова прашање. Но, бидејќи скептицизмот и на францускиот народ во поглед на пристапувањето на Турција сé повеќе се зголемува, владата лесно го релативираше својот позитивен став. Ле Верт, пак, и понатаму стои целосно зад започнувањето преговори со Турција и бара почитување на претходно дадените ветувања. Наместо постојано да се имаат стравувања и загриженост по однос на Турција, подобро би било доколку се нагласат сите предности од пристапувањето на Турција. Во очите на француските „Зелени“ неопходна е една голема информативна кампања, за народот подобро да се

запознае со Турција и за да се потенцира нејзината улога за Европа во минатото, сегашноста и иднината. Така ќе може да се придобие и народот за потребното пристапување на Турција.

Генерално, Ле Верт сака да постигне поврзување на проширувањето и продлабочувањето. Тоа значи дека структурите и институциите на ЕУ мора да бидат реформирани и прилагодени на една поголема Европа. Притоа мора да се одговори на идејата за основна, базична демократија и да се зајакне Европскиот парламент.

**Тактика:**

По прашања за проширувањето, Вие како пратеник во Европскиот парламент во принцип стоите зад заедничката позиција на Европската зелена партија, во чија изработка учествувавте и Вие. Како долгогодишен соработник на Амнести Интернешнл имате воспоставено добри контакти со групи за човекови права во Турција.
Затоа покрај интеграцијата на земјите од Балканот, особено силно се залагате за долгорочна интеграција на Турција во Европската унија. Во Вашите очи не постојат цивилизациски разлики меѓу ЕУ и Турција, кои би оправдале некакво запоставување на земјата во споредба со други кандидати. И географски не можат да се повлечат јасни граници така што Турција би морала да биде исклучена. Конечно, оваа земја игра и во Европската лига на шампиони, учествува во Евросонгот и веќе 60 години седи во Европскиот совет, без тоа некому да му пречи.
Пристапувањето на Турција би донело предност за сите страни: повеќе сигурност на целиот континент, поголем внатрешен пазар и голема можност, да се обврзе Турција за почитување на повисоки стандарди во заштитата на човековите права, заштитата на животната средина и интеграцијата на малцинствата како и да се поддржи во нејзиниот развој во една модерна држава. Ова според Вас би било пример за успешна солидарна глобализација, која би му дала смисла на ангажманот на повеќе генерации Европејци.
Членството, за кое постои изглед под јасни услови, го гледате како единствена можност за вршење притисок врз турската влада со цел за напредување и ефективно спроведување на реформите во областа на човековите права. Обидете се, со поддршка на други парламентарци и фракции да донесете одлука за почитување на човековите права и правата на малцинствата во Турција. Потоа на таа основа можат да се започнат преговори за пристапување.

# ФРАКЦИЈА „ОБЕДИНЕТА ЕВРОПСКА ЛЕВИЦА / НОРДИСКИ ЗЕЛЕНИ“ (ГУЕ/НГЛ)

Обединетата Европска левица / Нордиски зелени, претставува социјалистичка/комунистичка политичка групација во Европскиот парламент. Таа е основана во 1989 од француските, грчките, шпанските и португалските комунистички партии. Со секое проширување на Европската унија партиите на новите земји-членки пристапуваа кон оваа лабаво поврзана група, која се гледа самата себе како форум за, честопати, многу варирачките гледишта на неговите конститутивни национални партии.

Партиите од левата страна на политичкиот спектар од различни земји-членки се поврзаа со јужните комунистички партии и, во моментов, се петта по големина фракција во Европскиот парламент. Најголемите партии од оваа група се германската партија ДИ ЛИНКЕ (DIE LINKE) и италијанските комунисти.

Мнозинството на партиската група ги сака натамошната демократизација на институциите на Европската унија како и продолжувањето на интеграцијата. Но, тие лично се противат на неолибералната економска и финансиска политика на ЕУ. Во нејзините приоритети спаѓаат сузбивањето на невработеноста, особено во новите земји-членки и заштитата на животната средина. Подобрената развојна политика и политиката на средства за помош и заштита на политички и економски бегалци се теми што се од значење за сите партии што членуваат во ГУЕ/НГЛ. Според нивно мислење, Европската унија треба да создаде и одржува една социјална клима, која на сите граѓани им гарантира исти права и можности.

Нестабилноста, концентрацијата на ексцесивна сила, економски оправданата миграција и расизмот можат да бидат совладани само со натамошна демократизација на Европската унија. Тие се противат на актуелната евро-центрирана политика на ЕУ, што се смета за причина за континуираната нееднаквост. Тие сакаат да ја прошират европската зона на стабилност и благосостојба или со прием на нови земји-членки или со воспоставување привилегирани партнерства со земјите од соседството.

Фактот што кон ГУЕ/НГЛ припаѓаат и партии со исклучително изразено европско непријателство, кои ја гледаат ЕУ како капиталистички и империјалистички конструкт на моќ, покажува мошне јасно колку разнолики и делумно контрадикторни се гледиштата во рамките на овој сојуз на партии.

Сепак, оваа фракција во целина јасно се залага за нови пристапувања во Европската унија. Освен за Турција и Хрватска, оваа фракција особено се залага за пристапување на Република Македонија во Европската унија. Според нивно гледиште, спорот меѓу Грција и Република Македонија околу името на земјата треба брзо да се разреши. Исто така Европскиот парламент би требало да се вклучи во решавањето на ова прашање. Ветото на Грција кон пристапувањето на Република Македонија во Европската унија би имало далекусежни последици за целата Унија, а не само за двете засегнати држави.

**Ваша задача како член на фракцијата**

Замислете си дека сте член на оваа фракција. За да ги протуркате своите интереси потребна Ви е поддршка од другите партии. Внимавајте на тоа дека двете најголеми политички групи, Европската народна партија – демохристијаните (ЕНП-ЕД) и Социјал-демократската партија на Европа (СПЕ) играат особено важна улога во Парламентот и, во даден случај, можат и да ги блокираат Вашите иницијативи, бидејќи Вашата партија се смета за мал преговарачки партнер.

Ваша задача е да го пронајдете вистинскиот оптимален пат, бидејќи од една страна мора да барате компромис, а тоа може да доведе до губење на политичкиот профил, а од друга страна држењето на сопствените позиции може да доведе до намалување на влијанието на ЕП, доколку не можете да се договорите со Вашите колеги. На тој начин одлуката на крајот би била ставена во рацете на Комисијата и на Советот на Европската унија.

Во секоја партија постојат специјални експерти за одредени политички области. Вие припаѓате кон Комисијата за надворешни работи и воглавно работите на прашања за идното обликување на една Европска унија на промени и проширувања. Вие треба критички да ги расветлите шансите и ризиците од проширување на ЕУ.

Ваша задача е, заедно со другите членови на ГУЕ/НГЛ, да изнајдете заедничка позиција по однос на прашањето на проширување. Понатаму, ќе барате приврзаници во другите фракции, можни коалиции и контроверзно ќе дискутирате за тематиката во Парламентот, за да го убедите политичкиот противник во Вашето политичко сфаќање. Но, запомнете: бескорисно е само да зборувате без да слушате. За ефективно да ја обликувате работата на ЕП, морате да работите на компромис, за да можете успешно да им се спротиставите на предлозите на Советот на Унијата, кои можеби и нема да бидат во линија со ЕП.

## Пратеник на Обединетата европска левица ‟ во Комисијата за надворешни работи на ЕП од Република Чешка

**Република Чешка и ЕУ – позицијата на КСЧМ**

Република Чешка е членка на Европската унија од 1 мај 2004 година. На овој датум заедно со Чешка пристапија уште девет други земји од средна и источна Европа. На тој начин беше завршено најтешкото проширување на ЕЗ/ЕУ – ЕУ од 15 земји-членки се зголеми за десет нови земји-членки.

Со пристапувањето во ЕУ беше исполнет еден од најважните интереси на чешката надворешна политика од промената на режимот кон крајот на 80-тите. Целта на сегашната влада, која е ориентирана лево кон центарот, е активното и конструктивното вклучување во секојдневното работење на планот на европската интеграција, при што секогаш треба да биде сочуван чешкиот национален интерес.

Од март 1990 година, јасно левичарско-ориентираната Комунистичка партија на Бемenците и Моравците (Komunistická strana Čech a Moravy KSČM) е организација-следбеничка на Комунистичката партија на Чехословачка. Таа владееше преку 40 години без ограничувања во поранешната социјалистичка Чехословачка.

КСЧМ до денес располага со стабилна бројка избирачки гласови, пред сé кај постарата генерација. По неколку послаби години на почетокот од 90-тите, КСЧМ во поново време повторно добива замав и денес претставува трета најсилна партија во чешкиот парламент. Чешката јавност беше многу разочарана од владината политика, која на почетокот беше десно, па потоа лево ориентирана и учеството во изборите опадна значително. Заедно со стабилниот број на избирачки гласови во полза на комунистите, ваквата состојба придонесе кон поголема поддршка за опозициската КСЧМ. КСЧМ постигна уште подобри резултати на првите европски избори во Чешка, во јуни 2004 година. Со 20 проценти, комунистите изненадувачки станаа втората најмоќна партија, со што во ЕП беа претставувани со шест пратеника. Овие пратеници се вбројуваат во конфедералната фракција на Обединетата европска левица / нордиската зелена левица.

Но, ставот на КСЧМ по однос на ЕУ во последните 15 години беше повлечен. Денес комунистите во принцип не го одбиваат процесот на интеграција, но неговата современа форма и ориентација за нив е неприфатлива. Ова стана јасно и при националниот референдум во поглед на чешкото пристапување во ЕУ – во тоа време КСЧМ на своите гласачи им препорачуваше јасно одбивање. Покрај лошо преговараните услови за пристапување на Чешка, опозициските комунисти во прв ред го критизираат претераниот и нелојален „диктат на ЕУ од Брисел‟, растечката бирократија како и комуналната легислатива што е непрегледна и ограничувачка за граѓаните.

Оваа партија принципиелно бара:

1. Европа што ја презема одговорноста за мирот во светот: без поставување европски трупи, воспоставување служба за разоружување и контрола на извозот на оружје.
2. Европа, во која предност имаат целосната вработеност и социјалното заедништво: повеќе инвестиции, зачувување и втемелување на принципот на социјална

држава наместо определување за неолиберален економски поредок, воведување европска минимална плата и хармонизација на даноците наместо социјален и даночен дампинг во одделни држави.
3. Демократска Европа: повеќе права за Европскиот парламент, повеќе директна демократија, спроведување на принципот на поделба на власта на европско ниво, гарантирање на правото на штрајк.
4. Европа, која консеквентно се изјаснува за сузбивање на национализмот, антисемитизмот, расизмот и за отвореност кон светот, толеранција и демократија.

**КСЧМ и следното проширување**

Во поглед на евентуално идно проширување на ЕУ, КСЧМ е мошне позитивно поставена во поглед на Турција и земјите од западен Балкан. Комунистите се подготвени за натамошна активна поддршка на ова проширување, бидејќи тоа кореспондира со целите на партијата: поддршка на политиката на една Европа, која се заснова на принципите на партнерство, соработка и меѓусебна координација меѓу оделните држави. Едно добро подготвено проширување на ЕУ може да претставува чекор на вистинскиот пат кон еден посигурен, мирен и просперирачки европски континент.

**Тактика:**

Како чешки пратеник на КСЧМ во фракцијата на Обединетата европска левица / нордиска зелена левица, во ЕП активно се залагате за пристапувањето во ЕУ на земјите од југоисточна Европа, но само под одредени услови. Секое проширување може да се случи само врз основа на исполнувањето на критериумите од Копенхаген, а секој евентуален кандидат за пристапување мора политички и економски да биде прецизно подготвен за членството. За Вашата поддршка важна е, пред сé, економската подготвеност и стабилноста на кандидатите.
Внимателно ги следите политичките критериуми, особено во случајот на Турција, бидејќи таму човековите права, и покрај подобрувањата, сé уште не се почитуваат стопроцентно. Според Вас, во земјите-кандидатки за пристапување, како што е случајот со Турција и земјите од западен Балкан, и понатаму останува да се разјаснат прашањата за положбата и правата на малцинствата (на пример Курди, Срби, Албанци).
Во ЕП, КСЧМ отворено и остро го критизира општото влошување на социјалните стандарди и, пред сé, договорот за европскиот устав, кој и дава предност на позицијата на поголемите земји-членки. Вие инсистирате на тоа дека националниот идентитет и рамноправноста на одделните земји во ЕУ не смеат да бидат допрени под никакви околности.

## Пратеник на Обединетата Европска левица во Комисијата за надворешни работи на ЕП од Грција

**Грција и проширувањето на Исток – позицијата на Комунистичката партија**

Комунистичката партија на Грција (ККЕ) е основана во 1918 година и уште од самите почетоци за засноваше на лојалноста на традиционалната мала работничка класа. Таа уште од раните почетоци си постави една тврда идеолошка програма и цврста организациска структура. Нејзина главна цел е револуционерното преобраќање на грчкото општество преку отстранување на капитализмот и воведување на социјализмот и комунизмот. Јадрото на ККЕ се состои од работници, службеници, академици и студенти.

ККЕ беше против пристапувањето на Грција во Европската унија. ККЕ гласаше исто така и против Договорот од Мастрихт и проширувањето на ЕУ кон Исток како единствена партија од Грција. ККЕ гледа на Европската унија како на една европска капитална унија, која се наоѓа под водство на три до четири големи сили, на чие чело се наоѓа Германија. На тој начин ЕУ им е елементарно сопоставена на социјалистичките и комунистичките цели на ККЕ.

Оттаму, во поглед на сите планирани проширувања на ЕУ, ККЕ зазема еден сосем одбивачки став. За доброто на работничката класа во земјите-кандидати таа во секој случај сака да го спречи империјалистички толкуваното проширување на капиталистичката ЕУ. На парламентарните избори во Грција од септември 2007 година Комунистичката партија на Грција излезе засилена како трета најсилна партија со 22 добиени пратенички места (претходно 12) од 300 можни, веднаш зад конзервативната партија Нова демократија со 152 пратенички места и социјалистичката партија Пасок со 102 места. На изборите за ЕП во јуни 2004 година, Комунистичката партија на Грција доби 9,1 проценти од гласовите на гласачите, со што доби 3 од 24-те грчки парламентарни места во Европскиот парламент.

**Тактика:**

Како пратеник на една партија противставена на Европа, Вие сте стриктно против секакво можно проширување на Европската унија. Категорично ги одбивате империјалистичките зафати и можно проширување на ЕУ кон Балканот и Средоземјето.
Кипарското прашање го толкувате како случај на турска инвазија и окупирање на една суверена и независна држава. Од таа причина го застапувате мислењето дека кипарскиот проблем треба да биде решен преку меѓународно право и резолуции на Обединетите нации, а не во рамките на надворешната политика на ЕУ.
Исто така имате сомнежи и по однос на ангажманот на ЕУ во Косово, бидејќи и тука постои резолуција на Обединетите нации, која мора да се смета за обврзувачка.
По однос на конфликтот (спорот со името) меѓу македонската и грчката влада Вие заземате една посредничка, про-македонска перспектива. Југословенска Македонија ги поддржуваше грчките комунисти во борбата против Грците, кои му беа верни на кралот, во граѓанската војна во Грција 1947-1949 година. Ваквиот историски факт не е заборавен до денес. Сепак, сакате да ја „предупредите" Македонија од пристапување во ЕУ и се искажувате против таквиот прием.

Во принцип сте противник на една моќна Европа со овластувања за големи одлуки. Наместо тоа барате враќање на европските надлежности на национално ниво. Барајте, пред сé, дискусија со парламентарци на други радикални групи на ЕП.